Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Четиринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 15 февруари 2022 година**

**Скопје, февруари 2022 година**
**З А П И С Н И К**
**од Четиринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 февруари 2022 година**

Седницата започна во 12:45 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата: Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Васко Ковачевски, директор на Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, Бајрам Реџепи, директор на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-НЕР АД-Скопје во државна сопственост, Кирил Папазовски, претставник на консултантската куќа ПрајсвотерхаусКуперс (PricewaterhouseCoopers) и Билјана Пецовска, нотар.

Од седницата отсуствуваа д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на Записникот од Тринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 февруари 2022 година

Пред преминување на Дневниот ред:

- Агенда Европа дома
- Информација за реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија во периодот 1.1.2022-11.2.2022 година
- Агенда за дигитална трансформација
- Информација за изработката на Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведување на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (44 COM 7B.77), со Предлог на извештај

1. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје за 2022 година

2. Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"- Скопје за 2022 година, со Предлог-одлука

3. Предлог-одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2021 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција"-Скопје, во државна сопственост

4. Информација за донесување на одлука за изменување на Изјавата за основање Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ-Скопје, со Предлог-одлука и Предлог-изјава

5. Информација за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари без надомест во државна сопственост (компјутери), со предлог-одлуки

6. Информација за потребата од започнување на постапка за статусна промена спојување на трговските друштва НЕР АД Скопје и ГА-МА АД Скопје

7. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија-Скопје)

8. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (22 болнички кревети)

9. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија

10. Информација за предлог-структури и Акциски план за воспоставување на систем за индиректно управување од страна на Република Северна Македонија со ИПА средствата согласно барањата од Регулативата за имплементација на новиот Инструмент за претпристапна помош (ИПА 3) за Годишната акциска програма за 2022 година

11. Предлог-одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година

12. Предлог-одлука за одобрување средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година

13. Информација за формирање на комисија за спроведување на јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Паликура 2“, Општина Неготино, со Предлог-решение

14. Информација во врска со донесување на Предлог-решение за изменување на Решението за формирање на Комисија за надзор над работата на Комисијата за категоризација на угостителски објекти, со Предлог-решение

15. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-кварц на локалитетот „Ливадиште“, с.Никодин, Општина Прилеп

16. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на Друштвото за земјоделство, сточарство, производство, трговија, транспорт и услуги Агрогорис ДООЕЛ увоз-извоз Кочани, на локалитетот „Ајдучко Поле 1“, Општина Виница

17. Предлог-програма за фитосанитарна политика во 2022 година

18. Предлог-програма за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитетот на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2022 година

19. Предлог-програма за водостопанство за 2022 година

20. Предлог-програма за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој за 2022 година

21. Предлог-програма за семе и саден материјал во 2022 година

22. Предлог-програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2022 година

23. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија, градежништво и услуги Маак-инвест ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, булевар Цветан Димов бб Кавадарци, Кавадарци, со Предлог-одлука

24. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со индивидуален земјоделец Чифлиганка Васил Алекса Гугољанов, с.Муртино, Струмица,со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Петре Руневски ул.Студентска бр.41, Битола, со Предлог-одлука

26. Информација за напредокот на реализацијата на активностите за функционирање на мрежата за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства, со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање на Национален комитет за мрежата на сметководствени податоци од земјоделско стопанство

27. Информација за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди со вкупен извештај за штета во периодот 1.11.2021-13.1.2022 година

28. Предлог-одлука за распределба на социјални станови, како и условите за нивно користење изградени по Програмата за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија

29. Информација за програмата и приоритетите на францускoто претседателство со Советот на Европската Унија

30. Предлог-програма за спроведување на Стратегијата за регионален развој 2021-2024 (тригодишна програма)
31. Информација во врска со Одлуката за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2020 година, со Предлог-одлука

32. Барање на Расул Шапиев, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

33. Барање на Ахмад Магомедович Магомедов, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

34. Информација за продолжување на учеството на Република Северна Македонија во организацијата Еуро ХПЦ ЈУ (EuroHPC JU)

35. Извештај од анализата на нацрт стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети во Влада на Република Северна Македонија во 2022 година

36. Извештај за извршени преговори за усогласување на Административната спогодба за примена на Договорот меѓу Република Македонија и Романија за социјално осигурување, со усогласен текст на Административната спогодба

37. Предлог-одлука за давање одобрение за основање на Приватно средно училиште „Меѓународно училиште Скопје “ во Скопје

38. Предлог на закон за изменување на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, по скратена постапка

39. Извештај за работата на Регулаторната комисија за домување за период од 1 јули до 31 декември 2021 година

40. Барање за давање на автентично толкување на став 6 член 6 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.174/21), поднесено од градоначалникот на Општина Аеродром

41. Предлог на закон за изменување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, по скратена постапка (поднесен од Димитар Апасиев и Борислав Крмов, пратеници во Собранието на Република Северна Македонија

42. Барање за давање на автентично толкување на член 43 ставови (2) и (3) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19 и 14/20), поднесено од пратеникот Соња Мираковска

43. Иницијатива поднесена од Емилија Атанасовска-Јовановиќ од Скопје и други, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.145/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 10 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.287/2021)

44. Иницијатива поднесена од Стопанската комора на Северна Македонија доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.3/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 4, 5 и 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.295/2021)

45. Иницијатива поднесена од Илија Русев од с.Ангелци, Струмица, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.143/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/2021)

46. Иницијатива поднесена од Ивана Минова од Велес, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.6/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 5 и член 6 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест ковид-19 предизвикана од вирусот SARS-Cov-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20)

47. Иницијатива поднесена од ДОО „НАБИЗИ“-Струга преку Игор Петковски, адвокат од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.132/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Тарифата број 6 од Правилникот со Тарифа за користење на авторски музички дела, донесен од Собранието за заштита на авторски музички права ЗАМП на 8 јуни 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.153/2017)

48. Иницијатива поднесена од Павле Трајанов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.1/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 75-ѓ, 76-д, 78 и 78-а од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21)
49. Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Американскиот универзитет на Европа-ФОН, доставен под бр. 07-1730/3 од 20.12.2021 година

50. Понуда од нотар Христина Стаменкова од Свети Николе за продажба на недвижен имот-земјиште идеален дел од КП бр.1977, КО Мечкуевци, евидентиран во Имотен лист бр.274, викано место/улица Смрково

51. Понуда од нотар Христина Стаменкова од Свети Николе, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.300, за КО Мечкуевци, на КП бр.1414, викано место/улица Минтеви ливади

52. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.145536, за КО Охрид, на КП бр. 15767/1, викано место/улица Град

53. Понуда од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4824 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.2567, викано место/улица Спиро Црне, со дополнување

54. Кадровски прашања

55. Прашања и предлози

56. Информација за работењето на Компензационите фондови од странска помош со прилог извештаи за 2020 година усвоени од Комисијата за менаџмент со Компензационите фондови, на седницата, одржана на 29 декември 2021 година

57. Информација во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите Меѓународен аеродром Скопје и „Св. Апостол Павле“-Охрид заклучно со декември 2021 година на ТАВ Македонија

58. Информација за вкупниот одземен (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кој управува Агенцијата за управување со одземен имот за период од 1 јули 2021 година до 31 декември 2021 година, со прилози

59. Тримесечен извештај за финансиското работење на ЈП за водостопанство Лисиче-Велес (октомври-декември 2021 година)

60. Извештај за финансиското работење на ЈП за водоснабдување Студенчица-Кичево, за четврт квартал на 2021 година (1 октомври 2021 година-31 декември 2021 година)

61. Извештај за работата на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип за период од 1 октомври 2021 година до 31 декември 2021 година

62. Програма за работата на Државниот испитен центар за 2022 година и Финансиски план за реализација на активностите во Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2022 година

63. Информација за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот 1 октомври-31 декември 2021 година

64. Извештај за работата и материјално-финансиското работење на НЕР АД Скопје за периодот 1 јули 2021 година-30 септември 2021 година

65. Информација во врска со статусот на реализација на Договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр.277 Воденешница и бр.123 Крива Река

66. Информација за Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030, со Предлог-стратегија

67. Информација за финансиски надомест за порамнувања на отстапувања помеѓу номинираните и реализираните количини на електрична енергија кон АД МЕПСО за 2021 година, со Предлог-одлука

68. Информација за склучување, реализација и финансиски импликации во однос на договорите кои произлегуваат од меморандумите за разбирање за „Терминал на течен природен гас Александруполи, обезбедување на капацитет за природен гас и Гасната централа Александруполи" склучени помеѓу АД за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје, Гастрејд С.А и Дамко енерџи С.А., во рамки на процесот на реализација на проектите, со прилози

69. Информација во врска со Барањето за продолжување на рок на доспевање на фактури за испорачана електрична енергија за декември 2021 година бр.08-136/1 од 4.2.2022 година од ЕВН Македонија АД Скопје, со прилози

70. Барање на Вероника Рјабоволова, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

*

*   *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Тринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 февруари 2022 година.

*

*   *

Пред преминување на Дневниот ред:

- Агенда Европа дома

Владата ја разгледа Агендата Европа дома (15 февруари 2022 година) и притоа заклучи:

- Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во соработка со сите надлежни институции, веднаш по добивањето на листата на итни реформски приоритети од страна на Европската комисија да отпочне со ажурирање на податоците и подготовка на нов реформски план кој потоа во рок од две недели да го достави до Владата.

- Информација за реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија во периодот 1.1.2022-11.2.2022 година

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија во периодот 1.1.2022-11.2.2022 година, како материјал за информирање. Истовремено, Владата ги задолжи буџетските корисници да ги интензивираат активностите насочени кон реализација на капиталните расходи. Исто така, Владата заклучи насловот на точката во делот на Пред преминување на Дневен ред која гласи: „Степен на реализација на капиталните инвестиции“ да се измени и да гласи: „Степен на реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија“.

- Информација за изработката на Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведување на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (44 COM 7B.77), со Предлог на извештај

Владата ја разгледа Информацијата за изработката на Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведување на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (44 COM 7B.77), со Предлог на извештај и ги усвои Информацијата и Извештајот, со следните заклучоци: 1. Се задолжува Христијан Ѓоргиевски, советник на претседателот на Владата за мултилатерални и воневропски односи во својство на член на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија да го достави Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (44 COM 7B.77) до Центарот за светско наследство на УНЕСКО, најдоцна до 16 февруари 2022 година. 2. Се задолжува Христијан Ѓоргиевски, советник на претседателот на Владата за мултилатерални и воневропски односи, во својство на член на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за култура, Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање најдоцна до 8 март 2022 година да достават конкретен план со активности во однос на координирањето и управувањето со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион.

- Информација за Агенда за дигитална трансформација

Владата ја разгледа Информацијата за Агенда за дигитална трансформација и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од 30 дена до Владата да достави информација за моменталната состојба на овој проект-„модул за електронска размена на документи-eDelivery“, како и за можностите и потребите овој проект да се прошири со институции опфатени во Планот за дигитализација.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од 14 дена до Владата да достави листа на сертифицирани правни лица кои вршат дејност од информациско-комуникациските технологии, а кои ги користат органите и другите субјекти за комуникација преку единствена платформа за интероперабилност.

3. Се задолжуваат м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација да подготват и до Владата да доставaт информација за спроведување на процесот на дигитална трасформација и степенот на исполнетост на процесите на дигитализација, со соодветни предлози до Владата.

*

*      *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата условно ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје за 2022 година, со заклучок за истата претходно Министерството за финансии да достави ново мислење во однос на усогласеноста на платите во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија, согласно новиот Закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја донесе Одлуката за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие зауправување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје за 2022 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 3</u>**

Владата ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на  Годишната сметка и финансиските извештаи за 2021 година на Акционерското  друштво „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст.

**<u>Точка 4</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за донесување на одлука за изменување на Изјавата за основање Друштво за изградба,  управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ-Скопје, со Предлог-одлука и Предлог-изјава и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за изменување  на Изјавата за основање Друштво за изградба,управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје (нов текст), во предложениот текст.

2. Даде Изјава за основање Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје (нов пречистен текст), во предложениот текст.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари без надомест во државна сопственост, со предлог-одлуки (нов текст) и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за култура, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за катастар на недвижности, во предложениот текст.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од започнување на постапка за статусна промена-спојување на трговските друштва НЕР АД Скопје и ГА-МА АД Скопје и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат органите на управување на НЕР АД Скопје и ГА-МА АД Скопје во рок од десет работни дена и без одлагање да започнат постапка за статусна промена спојување на двете трговски друштва.

2. Се задолжува Бирото за судски вештачења без надомест да изработи извештај за проценетата вредност на непаричниот влог на НЕР АД Скопје и непаричниот влог на ГА-МА АД Скопје и други дејствија за потребите на постапката за статусна промена спојување на овие две трговски друштва.

3. Се задолжуваат извршните директори на НЕР АД Скопје и на ГА-МА АД Скопје да ги стават на располагање сите акти, документи и други податоци кои директно или индиректно се потребни за спојувањето на двете трговски друштва, како и ресурсите потребни за спроведувањето на сите дејствија во овој процес на спојување.

## Точка 7

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 8

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за продажба на движни ствари (22 болнички кревети), поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии.

## Точка 9

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (У.бр 03-79/1 КП.бр.15505 во КО Охрид 3), во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за предлог-структури и Акциски план за воспоставување на систем за индиректно управување од страна на Република Северна Македонија со ИПА средствата согласно барањата од Регулативата за имплементација на новиот Инструмент за претпристапна помош (ИПА 3) за Годишната акциска програма за 2022 година и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план за воспоставување на систем за индиректно управување од страна на Република Северна Македонија со ИПА средствата согласно барањата од Регулативата за имплементација на новиот Инструмент за претпристапна помош (ИПА 3) за Годишната акциска програма за 2022 година.

2. Го прифати предложениот систем за управување со ИПА 3 Годишната акциска програма за 2022 година во делот на акциските документи во кои е предвидено имплементирање на индиректен начин.

3. Се задолжува националниот координатор за авторизација назначен за ИПА 2 да го води процесот за воспоставување на предложениот систем за управување со ИПА 3 Годишната акциска програма за 2022 година во делот на акциските документи во кои е предвидено имплементирање на индиректен начин.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања како НИПАК (национален ИПА Координатор) секретаријат во соработка со Националниот координатор за авторизација назначен за ИПА 2 и Делегацијата на Европската Унија да обезбеди техничка помош се до целосно финализирање на процесот, односно започнување/ спроведување на Годишната акциска програма за 2022 година преку воспоставениот систем за индиректно управување.

5. Се задолжува националниот координатор за авторизација назначен за ИПА 2 во јули 2022 година да достави информација до Владата за статусот на спроведување на Акцискиот план за воспоставување на систем за индиректно управување од страна на Република Северна Македонија со ИПА средствата согласно барањата од Регулативата за имплементација на новиот Инструмент за претпристапна помош (ИПА 3) за Годишната акциска програма за 2022 година.

6. Се задолжуваат националниот координатор за авторизација назначен за ИПА 2, Секретаријатот за европски прашања како НИПАК (Национален ИПА координатор) секретаријат, ИПА структурата во Министерството за транспорт и врски и ИПА структурата во Министерството за животна средина и просторно планирање како тела за управување и Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување на договори како интермедијално тело да ги ревидираат анализите за обем на работа согласно потребите и активностите за имплементација на Годишната акциска програма за 2022 година од ИПА 3 и за резултатите од истите да го известат Министерството за финансии најдоцна до 30 јуни 2022 година.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за формирање на комисија за спроведување на јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Паликура 2“, Општина Неготино, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Паликура 2“, Општина Неготино, со заклучок Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да номинира член и заменик-член во Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Паликура 2“, Општина Неготино.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесување на Предлог-решение за изменување на Решението за формирање на Комисија за надзор над работата на Комисијата за категоризација на угостителски објекти, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за надзор над работата на Комисијата за категоризација на угостителски објекти, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-кварц на локалитетот ,,Ливадиште“ с.Никодин, Општина Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на Друштвото за земјоделство, сточарство, производство, трговија, транспорт и услуги Агрогорис ДООЕЛ увоз-извоз Кочани, на локалитетот „Ајдучко Поле 1“, Општина Виница и условно го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на Друштвото за земјоделство, сточарство, производство, трговија, транспорт и услуги Агрогорис ДООЕЛ увоз-извоз Кочани, на локалитетот „Ајдучко Поле 1“, Општина Виница поради потребата предлагачот да достави потврда за платени јавни давачки кон Управата за јавни приходи на Друштвото за земјоделство, сточарство, производство, трговија, транспорт и услуги Агрогорис ДООЕЛ увоз-извоз Кочани.

**Точка 17**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за фитосанитарна политика во 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата и контрола на квалитетот на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за водостопанство за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за семе и саден материјал во 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија, градежништво и услуги Маак-инвест ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, булевар Цветан Димов бб-Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со индивидуален земјоделец Чифлиганка Васил Алекса Гугољанов, с.Муртино, Струмица, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Петре Руневски ул.Студенска бр.41, Битола, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на реализацијата на активностите за функционирање на мрежата за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства, со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање на Национален комитет за мрежата на сметководствени податоци од земјоделско стопанство, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Национален комитет за мрежата на сметководствени податоци од земјоделско стопанство, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди со вкупен извештај за штета во периодот 1.11.2021 година-13.1.2022 година, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии во однос на висината на процентот на надоместок на штета.

**Точка 28**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за распределба на социјални станови, како и условите за нивно користење изградени по Програмата за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за програмата и приоритетите на француското претседателство со Советот на Европската Унија и ја усвои Информацијата со заклучок истата да се дополни согласно укажувањата на Секретаријатот за европски прашања.

Истовремено, се задолжува Министерството за надворешни работи, во соработка со Секретаријатот за европски прашања, да ги координира подготовките за учество на неформалните министерски состаноци на Европската Унија.

**Точка 30**

Владата ја донесе Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2024, во предложениот текст.

Исто така, Владата заклучи Министерството за локална самоуправа да ги има предвид укажувањата во мислењата на:

- Министерството за финансии, дека потребните средства за реализирање на активностите во горенаведената програма да се обезбедат во рамките на одобрените буџети на надлежните институции;

- Фондот за иноваци и технолошки развој, дека износите за вредност на мерките по години, исто така, треба да соодвествуваат на годишните и среднорочните програми за односниот период, како и со официјално усвоениот буџет за односната година.

**Точка 31**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Одлуката за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2020 година, со најнов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата го разгледа Барањето на Расул Шапиев, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 33**

Владата го разгледа Барањето на Ахмад Магомедович Магомедов, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за продолжување на учеството на Република Северна Македонија во организацијата Еуро ХПЦ ЈУ (EuroHPC JU) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначуваат проф. д-р Боро Јакимовски, професор на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство-ФИНКИ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за национален претставник во управното тело на EuroHPC (Еуро ХПЦ) и проф. д-р Анастас Мишев, професор на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство-ФИНКИ при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје за заменик национален претставник во управното тело на EuroHPC (Еуро ХПЦ).

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од пет дена во име на Владата на Република Северна Македонија да испрати писмо за обновување на членството на Република Северна Македонија во EuroHPC (Еуро ХПЦ).

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од пет дена во име на Владата на Република Северна Македонија да испрати писмо за вклучување на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство-ФИНКИ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во конзорциумот за набавка на Petascale (петаскел) супер-компјутер предводен од Република Грција.

**Точка 35**

Владата го разгледа Извештајот од анализата на нацрт стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети во Владата на Република Северна Македонија во 2022 година и го усвои Извештајот, со следниот заклучок:

- Се задолжуваат министерствата и другите органи на државната управа нацрт стратешките планови за 2022-2024 година да ги усогласат со заклучните согледувања и препораки содржани во Извештајот од анализата на нацрт стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2022 година, со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и годишниот план за работа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/18) и да ги објават на своите веб-страници.

**Точка 36**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за усогласување на Административната спогодба за примена на Договорот меѓу Република Македонија и Романија за социјално осигурување, со усогласен текст на Административна спогодба и го усвои со следните заклучоци:

1. Владата го прифати усогласениот текст на Административната спогодба за примена на Договорот меѓу Република Македонија и Романија за социјално осигурување.

2. Се овластува д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи да ја потпише Административната спогодба за примена на Договорот меѓу Република Македонија и Романија за социјално осигурување.

**Точка 37**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање одобрение за основање на Приватно средно училиште „Меѓународно училиште Скопје“ во Скопје, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 38**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, по скратена постапка, доставен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Доставениот Предлогот на закон за изменување на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, по скратена постапка, доставен од група пратеници, не се прифаќа од следните причини:

1. Со оглед на тоа што со членот 1 од Предлогот на закон за изменување на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи се предлага дополнување на членот 14 со нов член 14-а, се укажува дека насловот не ја опфаќа наведената дополна.

Конкретно, по однос на дополнување на членот 14 со нов член 14-а со кој се предлага да се стави законска обврска на откупувачот да склучи договор на барање на тутунопроизводителот кој имал поднесено приговор согласно член 40 став (1) од овој закон, се укажува дека истото не е во согласност со Законот за слобода на претприемништвото.

Воедно, не постои законска пречка за тутунопроизводителите кои согласно член 40 став 1 од овој закон имаат поднесено приговор, договорот да биде склучен и за повеќе

производни години, (согласно член 17 од Законот), со истото правно лице регистрирано за откуп на тутун.

Исто така, тутунопроизводителите не мораат да склучат договор со истото претпријатие, тие можат да склучат договор и со друго правно лице (откупувач) регистрирано за откуп на тутун, запишано во Регистарот на откупувачи на тутун, односно производителот на тутун има право на избор со кој откупувач ќе склучи договор.

2. Во однос на член 2 од Предлогот на закон за изменување на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи со кој се предлага бришење на ставовите 3 и 4 од членот 43 на овој закон, со кој се опфатени одредби за правните лица кои вршат промет на необработен тутун и се регистрирани за откуп на тутун согласно член 26 од овој закон и за производство на производи од тутун и сродни производи согласно член 49 и член 51 на овој закон, не е во колизија со одредбите од самиот закон во поглавјата II, III и IV, не е пречка за увозот на необработен тутун, не предизвикува нелојална конкуренција и непринципиелни пазарни односи и не е на штета на домашното производство.
При изработка на постоечкото законско решение, целта на Владата беше да се подобри заштитата на домашното производство на тутун и тутунската индустрија од нелојалната конкуренција на правните лица кои не се регистрирани во регистрите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за економија.

Во однос на контрола на прометот на необработениот тутун се укажува дека истото е во согласност со Рамковната конвенција за контрола на тутун на СЗО.

Во однос пак на приближувањето кон Европската регулатива се укажува дека овие одредби, не се предмет на уредување на Европската регулатива 40/2014, поради што не можат да бидат предмет на усогласување.

Воедно, се укажува дека на јавната расправа засегнатите страни (Групацијата на производители на тутун и тутунски производи при Стопанската комора на Северна Македонија и највисоката асоцијација на тутунопроизводители- Сојузот на тутунските здруженија) не дадоа забелешки по однос на одредбите опфатени со ставовите 3 и 4 од член 43 на овој закон, во текот на изработката на Законот.

## **Точка 39**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Регулаторната комисија за домување, за период од 1 јули до 31 декември 2021 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 110 став (3) од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр.99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/20), за своето работење Регулаторната комисија најмалку два пати годишно доставува извештај на Собранието на Република Северна Македонија.

Извештајот има за цел да ги прикаже реализираните активности во периодот јули-декември 2021 година, а не за цела година.

Имајќи превид, дека презентираните финансиски показатели не се прикажани согласно извештајниот период, се укажува на потребата предметниот Извештај соодветно да се коригира.

## Точка 40

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на став 6 член 6 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.174/21), поднесено од градоначалникот на Општина Аеродром и притоа го утврди следното мислење:

Од страна на градоначалникот на Општина Аеродром поднесено е барање за давање на автентично толкување на член 6 став (6) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти во кое е наведено дека истото се однесува на тоа дали покрај доказите кои се утврдени како потребни за легализација на бесправно изградени објекти согласно законската регулатива треба и изјава за согласност од сопственикот на земјиштето.

Во членот 6 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, утврдени се доказите кои барателот треба да ги достави кон барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект.

Во ставот (3) од наведениот член е пропишано дека доколку бесправниот објект е изграден на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Северна Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно бесправниот објект е изграден на земјиште кое е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, барателот покрај доказите од ставот (2) на овој член е должен да достави и договор за долготраен закуп на земјиштето склучен со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот.

Член 6 став (6) гласи:
„По исклучок од ставот (3) на овој член, доколку бесправниот објект е изграден на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Северна Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно бесправниот објект е изграден на земјиште кое е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, а барателот нема склучено договор за долготраен закуп на земјиштето со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или нема доставено изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот, а во моментот на изградбата на бесправниот објект земјиштето на кое е изграден истиот било сопственост на Република Северна Македонија, барателот покрај доказите од ставот (2) на овој член е должен да достави и уверение за движење за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност, во која ќе потврди која година е изграден бесправниот објект“.

Во контекст на наведените членови треба да се има предвид и членот 12 став (1) од законот, каде што се пропишани условите кои треба да бидат исполнети за издавање на урбанистичка согласност, при што алинејата 4 која се однесува на статусот на земјиштето на кое е изграден бесправниот објект гласи:
„-бесправниот објект е изграден на земјиште на кое барателот има право на сопственост или право на користење, или на земјиште сопственост на Република Северна

Македонија, или на земјиште за кое барателот има склучено договор за долготраен закуп со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или пак сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето има дадено изјава заверена на нотар со која е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот, или на земјиште пренесено од поранешен сопственик врз основа на договор за купопродажба на кое како корисник во имотниот лист е евидентиран поранешниот сопственик, а барателот го користи земјиштето повеќе од 20 години од денот на склучување на договорот за купопродажба, или на земјиште сопственост на Република Северна Македонија на кое право на користење има друго физичко или правно лице, кое не е пренесено од поранешен сопственик врз основа на договор за купопродажба или кое е пренесено од поранешен сопственик, но како корисник во имотниот лист не е евидентиран поранешниот сопственик или на земјиште кое е сопственост на друго физичко или правно лице или кое е во сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, доколку во моментот на изградбата на бесправниот објект земјиштето било сопственост на Република Северна Македонија“.

Со членот 6 став (6) кој е предмет на барањето за автентично толкување се предвидува исклучок од ставот (3) на овој член, кој се применува во случаите кога барателот нема склучено договор за долготраен закуп на земјиштето со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или нема доставено изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот. Во овој случај со предметната одредба се предвидува барателот да достави уверение за движење за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност, во која ќе потврди која година е изграден бесправниот објект, од кои докази треба да се утврди дали во моментот на изградбата на бесправниот објект земјиштето било сопственост на Република Северна Македонија.

Согласно горенаведеното произлегува дека во случаите кога бесправниот објект е изграден на земјиште кое е сопственост на друго физичко или правно лице или пак, кое е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, законот предвидува барателот да достави договор за долготраен закуп на земјиштето склучен со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот, а доколку барателот нема склучено договор за долготраен закуп на земјиштето со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или пак нема доставено изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот, барателот треба да достави уверение за движење за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност, во која ќе потврди која година е изграден бесправниот објект.

Имајќи го предвид горенаведеното Владата на Република Северна Македонија смета дека членот 6 став (6) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.174/21) е јасен и недвосмислен и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на истиот.

## Точка 41

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, по скратена постапка, поднесен од Димитар Апасиев и Борислав Крмов, пратеници во Собранието на Република Северна Македонија и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и најмалку 10.000 избирачи.

Предлогот на закон за изменување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, по скратена постапка е доставен од страна на пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов, од Левица, со кој се предлага менување на членот 4 од постојниот закон. Имено, предлагаат висината на минимална плата да не може да биде пониска од 60% од просечно исплатената нето-плата по вработен во последните три објавени месеци, согласно податоците од Државниот завод за статистика и Министерството за труд и социјална политика најдоцна до дваесеттиот ден во месецот, по претходно мислење од Економско-социјалниот совет, да ја објави висината на минимална плата за наредниот месец во бруто износ.

Имајќи го предвид наведениот предлог се смета дека истиот е некомплетен и несоодветен на барањата на работниците и работодавачите кои во изминатиот период водеа интензивни преговори за изнаоѓање на соодветно решение за минималната плата, за што постигнаа и согласност на седница на Економско -социјалниот совет, која се одржа на 7.2.2022 година.
Владата на Република Северна Македонија, согласно усогласените ставови на социјалните партнери на седница на Владата одржана на 8.2.2022 година утврди Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, во кој предвиде измена на критериумите за начинот на усогласување на минималната плата, утврди зголемување на минималната плата од март 2022 година во бруто износ од 26.422 денари, како и субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување на разликата на зголемената нето минимална плата.

Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, согласно Уставот е поднесен од овластен предлагач и имајќи го предвид горенаведеното Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Законот.

## Точка 42

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 43 ставови (2) и (3) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19 и 14/20), поднесено од пратеникот Соња Мираковска и притоа го утврди следново мислење:

Со Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20) се уредуваат општите начела, класификацијата на работните места, евиденцијата, видовите на вработувања, општите права, должности и одговорности, мобилноста, како и други општи прашања за вработените во јавниот сектор.

Со член 2 став (1) од истиот закон е утврдено дека како работодавачи во јавниот сектор се јавуваат органите на државната и на локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закон и институциите кои вршат дејности од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Сверна Македонија или од општините, од Градот Скопје, како и од општините во Градот Скопје. Во ставот (2) е уредено дека вработени во јавниот сектор се лицата кои засновале работен однос кај некој од наведените работодавачи.

Во глава VII МОБИЛНОСТ НА ВРАВОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР во Законот за вработените во јавниот сектор законодавецот ја уредил мобилноста на вработените во јавниот сектор.

Во членот 42 став (1) од предметниот закон е утврдено дека мобилноста е хоризонтално движење на вработен од едно на друго работно место во рамките на истата група на работни места, утврдена со овој закон, додека во ставот (2) е прецизирано дека мобилноста се врши преку распоредување, односно преземање на вработениот на работно место на исто ниво, односно на работно место за кое вработениот ги исполнува општите и посебните услови утврдени во актот на систематизација на работни места во институцијата во која се распоредува или се презема.

Како што е напоменато, законот утврдува два модалитети на мобилност и тоа, мобилност преку распоредување и мобилност преку преземање.

Во став (1) од членот 43 е утврдено дека вработениот во јавниот сектор, на негово барање или по потреба на институцијата, може да биде трајно распореден на друго работно место на исто ниво, односно на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани во актот за систематизација, за што раководното лице на институцијата носи решение за негово распоредување во институцијата. Вработениот во јавниот сектор, на барање на друга институција, заради времено зголемен обем на работа, може да биде времено распореден на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани во актот за систематизација на другата институција (став (2)). Распоредувањето од ставот (2) на овој член се врши по претходна писмена согласност на вработениот и на раководните лица во институциите, а решението за времено распоредување за времетраење од најмалку еден месец, а најмногу една година, го носи раководното лице во институцијата во која истиот е вработен. Работното место на кое се распоредува вработениот од ставовите (1) и (2) на овој член не смее да биде оддалечено повеќе од 50 километри од работното место на кое истиот бил вработен пред распоредувањето.

Во членот 44 од истиот закон е уредена мобилноста преку преземање, каде што во ставот (1) е дефинирано дека вработениот во јавниот сектор, на негово барање, по потреба на институцијата во која е вработен или по потреба на друга институција, може да биде трајно преземен на работно место на исто ниво, односно на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани во актот за систематизација на другата институција, ако за тоа се согласат вработениот и раководните лица на двете институции, а по претходна согласност на Министерството за информатичко општество и администрација и органот надлежен за давање на согласност на годишниот план за вработување на институцијата во однос на буџетот.

Од содржината на претходно цитираните одредби за мобилноста на вработените во јавниот сектор која е уредена во глава VII од Законот за вработените во јавниот сектор

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20), законодавецот јасно утврдил дека мобилноста е хоризонтално движење на вработен од едно на друго работно место во рамките на истата група на работни места, утврдена со овој закон и тоа мобилност преку распоредување или мобилност преку преземање. Мобилноста преку распоредување се реализира по барање на вработен во јавниот сектор или по потреба на институцијата, и вработениот може да биде трајно распореден на друго работно место на исто ниво, односно на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани во актот за систематизација, за што раководното лице на институцијата носи решение за негово распоредување во институцијата. На барање на друга институција, во случај на зголемен обем на работа, вработениот во јавниот сектор може да биде времено распореден на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани во актот за систематизација на другата институција по претходна писмена согласност на вработениот и на раководните лица во институциите. Раководното лице на институцијата во која истиот е вработен носи решение за времено распоредување за времетраење од најмалку еден месец, а најмногу една година. Со самиот факт дека законодавецот не утврдил ограничување на правото на последователно времено распоредување на барање на друга институција, истиот може и повторно да биде времено распореден во истата институција.

Врз основа на претходно изнесеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека членот 43 став (2) и став (3) од Законот за вработените во јавниот сектор е јасен и прецизен и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Емилија Атанасовска-Јовановиќ од Скопје и други, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.145/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 10 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.287/2021) и притоа го утврди следново мислење:

Согласно наводите во предметната Иницијатива се оспоруваат одредбите на член 10 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.287/21), сметајќи дека е во спротивност со член 8 алинеја 3, член 9, член 32 , член 51 став 1 и член 54 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Имено, подносителите на Иницијативата наведуваат дека со оспорената одредба се оневозможува еднакво владеење на правото и обезбедување на правна сигурност и се прави дискриминација помеѓу вработените во буџетските корисници на централната власт кои работат во органите и структурите за управување со инструментот за претпристапна помош ИПА. Воедно, во Иницијативата е наведено дека оспорената одредба ги прави нееднакви граѓаните во слободите и правата, претставува извор на дискриминација и повреда на правата и слободите и се погазува принципот на правна сигурност како дел од темелната вредност-владеење на правото.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија е владеење на правото.

Во член 9 од Уставот на Република Северна Македонија е утврдено дека граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според член 32 од Уставот на Република Северна Македонија, секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Секој вработен има право на соодветна заработувачка. Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Според член 51 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Според член 54 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија, ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба.

Имајќи го предвид погоре наведеното се смета дека неосновани се наводите со оглед на тоа што станува збор за законски решенија со кои законодавецот за изедначување на платите на вработените во буџетските корисници од централната власт кои работат во органите и структурите на управување со ИПА утврдил правото на додаток на плата да може да се исплатува само на вработените кои правото на плата го остваруваат согласно услови и критериуми утврдени во Законот за административни службеници, ова со оглед дека вработените кои работат во органите и структурите на ИПА, а го остваруваат правото на плата согласно посебните закони веќе имаат утврдено посебни додатоци или зголемена плата согласно овие посебни закони.

Оспорената законска одредба не врши дискриминација помеѓу вработените, туку напротив, со истата се намалува веќе постоечката дискриминација во системот на плати помеѓу вработените кои работат во ИПА структурите кај различни буџетски корисници од централната власт и има за цел да обезбеди еднакво владеење на правото и спречување на големиот одлив на административните службеници кои работат во органите и структурите за управување со инструментот за претпристапна помош ИПА, а кој е предизвикан особено поради ниските плати.
Имено, согласно воспоставениот систем на органите и структурите за управување со инструментот за претпристапна помош ИПА, согласно барањата од Рамковната спогодба и природата на програмите кои се имплементираат, се воспостава оперативна структура која вклучува повеќе линиски министерства. Конкретно, за имплементација на Годишната програма за 2014 година-област правда и внатрешни работи, како дел од воспоставената оперативна структура, покрај договорниот орган, структурата опфаќа и две линиски министерства-Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи.

Во наведениот случај, вработените во Министерството за правда, иако имаат идентични обврски и извршуваат исти работни задачи со вработените во ИПА структурата во Министерството за внатрешни работи, веќе се дискриминирани, бидејќи остваруваат плата согласно Законот за административни службеници, која е пониска од платата на

вработените во Министерството за внатрешни работи кои остваруваат плата согласно Законот за внатрешни работи.

За конкретниот пример, уставната норма дека граѓаните се еднакви во правата и дека се еднакви пред законите нема реална важност, од причина што една категорија граѓани/вработени во структурите за управување со инструментот за претпристапна помош од ЕУ-ИПА во Министерството за правда се дискриминирани со остварување на пониска плата во споредба со истата категорија граѓани/вработени во структурите за управување со инструментот за претпристапна помош од ЕУ-ИПА во Министерството за внатрешни работи, во услови кога вработените во ИПА структурите се под јурисдикција на еден закон, а тоа е Рамковната спогодба во која се идентификувани органи и структури кои земјата треба да ги воспостави за да го имплементира инструментот за претпристапна помош ИПА.

Истата компаративна споредба може да се направи и за останатите вработени во ИПА структурите кај посочените буџетски корисници во Иницијативата-Царинската управа, Управата за јавни приходи и Ревизорското тело за ревизија на ИПА кои добиваат поголема плата согласно своите матични закони. Дополнително на ова, нееднаквото владеење на правото може да се согледа и преку тоа што вработените во Ревизорското тело за ревизија на ИПА имаат статус на административни службеници, но правото на плата го остваруваат согласно Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА). Нивните плати се далеку повисоки од платите на вработените во органите и структурите за управување со ИПА кои правото на плата го остваруваат согласно Законот за административни службеници, иако станува збор за идентична категорија на вработени-административни службеници.

Оттука, разликата помеѓу вработените во Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Царинска управа и Ревизорското тело за ревизија на ИПА кои работат во ИПА структурите и правото на плата го остваруваат со посебни закони, во однос на административните службеници кои работат во ИПА структурите во Министерството за финансии и останатите буџетски корисници е во тоа што вработените во ИПА структурите во Министерството за финансии и останатите буџетски корисници се целосно дискриминирани во поглед на висината на платата, наспроти вработените во ИПА структурите кај посочените буџетски корисници во Иницијативата-Царинската управа, Управата за јавни приходи и Ревизорското тело за ревизија на ИПА.

Имено, просечната бруто плата за декември 2021 година во Министерството за финансии изнесува околу 40.000 денари, наспроти просечната бруто плата во Управата за јавни приходи која изнесува околу 49.000 денари, во Министерството за внатрешни работи која изнесува околу 51.000 денари, во Царинската управа која изнесува околу 53.000 денари и во Ревизорското тело за ревизија на ИПА која изнесува околу 73.000 денари.

Нееднаквото владеење на правото во постоечкиот систем на плати и дискриминацијата помеѓу вработените во поглед на висината на платата е посебно изразена за иста категорија на вработени-административни службеници кои работат во различни буџетски корисници.

Имено, согласно член 14-а од Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/10, 43/14, 154/15, 27/16, 190/16 и 83/18), вработените во Ревизорското тело имаат статус на административни службеници или помошно-технички лица.

Основната бруто плата на административен службеник во категорија В4-Помлад соработник кој работи во ИПА структурите кај останатите буџетски корисници изнесува околу 33.000 денари, додека основната бруто плата на вработен во Ревизорското тело за ревизија на ИПА во истата категорија на административен службеник В4-Помлад ревизор изнесува околу 57.000 денари (поголема плата за повеќе од 70%). Основната бруто плата на административен службеник во категорија В1-Советник кој работи во ИПА структурите кај останатите буџетски корисници изнесува околу 39.000 денари, додека основната бруто плата на вработен во Ревизорското тело за ревизија на ИПА во истата категорија на административен службеник В4-Самостоен ревизор изнесува околу 73.000 денари (поголема плата за повеќе од 85%).

Согласно аналитичките податоци, во органите и структурите за управување со инструментот за претпристапна помош во буџетските корисници на централна власт вработени се околу 340 лица, од кои околу 320 лица (или 94%) се административни службеници кои правото на плата го остваруваат согласно Законот за административни службеници и кај кои споменатата одредба од Законот за извршување на буџет има правно дејство за остварување на правото на додаток на плата.

Согласно горенаведеното, со одредбата од член 10 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година со кој се предвидува додаток на плата од 15% за вработените кои работат во ИПА структурите и правото на плата го остваруваат под услови и критериуми утврдени во Законот за административни службеници не се воспоставува темелна дискриминација, туку напротив, оваа одредба има за цел намалување на постоечката дискриминација во системот на плати која доведува до разлика во плата помеѓу вработените во ИПА структурите и помеѓу иста категорија на вработени со статус на административни службеници (разлика од 70-85%).

Со член 10 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година се дава право на оние административни службеници кои правото на плата го остваруваат согласно Законот за административни службеници времено да бидат во порамноправна положба со останатите вработени во органите и структурите за управување со инструментот за претпристапна помош ИПА кои со посебни закони се поставени во поповолна положба во поглед на остварувањето на правото на повисока плата, иако двете групи на вработени ги вршат своите работи и работни задачи согласно претходно цитираната Рамковна спогодба и истиот член 10 спротивно на образложението на Иницијативата има за цел намалување на дискриминацијата која веќе постоела пред воведување на оваа одредба.

Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија е годишен закон кој се применува заклучно со 31 декември во тековната година. Оттука, оспорената законска одредба има времен и преоден карактер и претставува интервентно решение за спречување на големиот одлив на кадар (повеќе од 10% годишно) во органите и структурите за управување со инструментот за претпристапна помош ИПА кој е предизвикан особено со ниските плати на административните службеници. Ова е само почеток на процесот на утврдување на системско решение, со јасни и прецизни критериуми и креирање на сеопфатна политика за мотивација и задржување на кадарот во ИПА структурите, од кое зависи не само имплементацијата на ИПА 2, туку и на идната ИПА 3 финансиска помош, односно подготовка на овие структури за идно користење на структурните и кохезионите фондови на Европската Унија како идна земја членка.

Имајќи го предвид погоренаведено, неосновани се наводите за неусогласеноста на оспорената одредба на член 10 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година со одредбата на член 32 став 3 од Уставот, согласно која секој вработен има право на соодветна заработувачка. Имено, со оспорената

одредба се утврдува подеднакво право на додаток на плата на сите вработени во буџетските корисници на централната власт кои работат во органите и структурите на управување со ИПА и кои правото на плата го остваруваат согласно Законот за административни службеници, така што истите добиваат иста заработувачка согласно наведената уставна одредба. Ова дотолку повеќе што со оспорената одредба се овозможува изедначување на заработувачката согласно наведената уставна одредба, со оглед дека посебните закони веќе утврдуваат повисока плата и додатоци на плата, кои не се утврдени со Законот за административни службеници.

Наводите во Иницијативата дека оспорената одредба е во спротивност со член 51 од Уставот согласно кој е утврдено дека законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон, односно дека со истата се нарушува уставното начело за владеење на правото, се неосновани со оглед дека целата категорија на вработени во буџетските корисници од централната власт во органите и структурите за управување со ИПА кои согласно Законот за административни службеници го остваруваат правото на плата го имаат истото право на додаток на плата, а со која одредба се ставаат во еднаква положба со вработените во буџетските корисници од централната власт во органите и структурите за управување со ИПА кои го остваруваат правото на плата врз основа на други закони со кои веќе остваруваат повисоки плати и додатоци на плата.

Во оваа смисла е неосновано и оспорувањето на член 10 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година во однос на член 54 став 3 од Уставот, со кој е утврдено дека ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба, при што наведувањето дека со оспорената одредба се вршела дискриминација во однос на општествената положба помеѓу вработените во буџетските корисници од централната власт кои работат во органите и структурите на управување со ИПА, а кои го остваруваат правото на плата согласно Законот за административни службеници е сосема неоснована со оглед дека не станува збор за општествен статус (на пр.работната позиција на вработените во Министерството за внатрешни работи и др. кои имаат посебни овластувања и посебни додатоци на плата во однос на вработените административни службеници и помошно-техничките лица кои го остваруваат правото на плата во истото Министерство, не значи и постоење на дискриминација согласно наводите во Иницијативата), туку за остварување на соодветна заработувачка за исти или слични завршени работни задачи од страна на овие вработени, во однос на вработените кои го остваруваат своето право на плата и додатоци на плата со друг закон, во кои de facto и de jure во моментот има утврдено поголема заработувачка, законодавецот со член 10 од Законот, а согласно член 32 став 3 од Уставот, овозможува изедначување, односно намалување на оваа разлика во платите, односно заработувачката.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека одредбата на член 10 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.287/21), е во согласност со одредбите од член 8 алинеја 3, член 9, член 32, член 51 став 1 и член 54 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение со кое нема да поведе постапка за оценување на уставноста на член 10 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.

## Точка 44

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Стопанската комора на Северна Македонија доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.3/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 4, 5 и 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.295/2021) и притоа го утврди следното мислење:

Наводите од Иницијативата со кои се оспоруваат одредбите од членовите 4, 5 и 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.295/2021 година), како спротивни на членот 8, членот 9 и членот 55 од Уставот на Република Северна Македонија, се во целост неосновани.

Воедно, во целост се неосновани и наводите од Иницијативата дека Законот за трговија врши упад во Законот за работните односи, во делот на плаќањето на работата и работното време, припишувајќи различен правен режим за додатоците на плата и работно време во недела и на празници за вработените во трговијата на мало, како и упад во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, препишувачки други извори на финансирање за вршењето на основните надлежности на општините од оние таксативно пропишани со овој закон.

Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.295/2021 година) во членот 4, со кој се менува членот 25 од основниот текст на законот, го предвидува следното:
„Трговецот на големо и трговецот на мало го утврдува работното време на продавниците, киосците, автоматите, штандовите, зелените пазари, магацините, складовите, деловните простории, продавниците, штандовите и киосците во трговските центри (молови) и бензинските станици зависно од бројот на вработените.

Должината и распоредот на работното време што трговецот го утврдил треба да се усогласат со правата, обврските и одговорностите на вработените утврдени со прописите од областа на работните односи, особено во поглед на распоредувањето на работното време и прекувремената работа, ноќната работа, дневниот, неделниот и годишниот одмор и другите отсуства од работа и во согласност со ограничувањата утврдени со прописите од областа на заштита од бучава.

Продавниците што се наоѓаат во колективни станбени згради и деловно станбени згради не можат да почнат со работа пред 6:00 часот и мора да завршат со работа до 23:00 часот.

Трговија на големо и трговија на мало не може да се вршат во недела, како и на државни празници и други празници кои се определени како неработни денови согласно со закон (во натамошниот текст: празници).

По исклучок од ставот 4 на овој член, трговијата на мало може да се врши:

1) во специјализирани продавници или киосци за продажба на сладолед, колачи и апетисани, цвеќиња, сувенири, филигранство, весници и цигари, во туристичките места утврдени со Законот за туристичка дејност;
2) во продавниците на бензински станици во чии рамки се врши трговија на мало претежно со храна, пијалоци и тутун;
3) во продавници, киосци и штандови во трговските центри (молови) кои имаат минимална ефективна површина за трговија на мало од 8.000 м2;

4) на штандови и киосци каде што се продава добра за време на спортски настани, фестивали и манифестации, саеми и за време на јавната проекција на кинематографски дела;
5) во продавници за трговија на мало со храна (без зеленчук и овошје), пијалоци и тутун во кои трговијата се врши лично само од сопственикот на продавницата и
6) на зелени пазари.

За работниците кај трговците на мало од ставот 5 на овој член, ден на неделен одмор може да биде друг ден во неделата, согласно со закон.

Додатокот на плата за работа во недела и на празници изнесува најмалку 100%, за секој час поминат на работа.

За трговците на мало од ставот 5 точки 2) и 3) на овој член се утврдува надоместок во висина од 2% од вкупниот приход остварен во претходната година во недела и на празници, кои средства ќе се инвестираат во детски градинки согласно со закон.

За продавниците на бензиските станици од ставот 5 точка 2) на овој член за остварен приход ќе се смета само приходот остварен од продажба на храна, пијалоци и тутун, без прометот од продажбата на нафтени деривати.
Надоместокот од ставот 7 на овој член се уплаќа секоја година до 15 јануари во тековната година на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија согласно со закон.

Трговците од ставот 5 на овој член се должни да го пријават работното време во недела и на празници, согласно со членот 26 ставови 2 и 5 од овој закон.

Трговците од ставот 5 точки 2) и 3) на овој член се должни десет дена пред да го уплатат надоместокот од ставот 7 на овој член да ја доставаат потврдата од членот 26 став 7 од овој закон до Управата за јавни приходи, Државниот пазарен инспекторат и Државниот инспекторат за труд.

Трговците на мало од ставот 5 на овој член се должни да го почитуваат работното време за работа во недела и празници и тоа:
- трговците од ставот 5 точки 1) и 5) на овој член може да работат во период од осум часа што самите ќе го утврдат согласно со ставот 3 на овој член,
- трговците од ставот 5 точка 2) на овој член може да работат од 00:00 до 24:00 часот,
- трговците од ставот 5 точка 3) на овој член може да работат од 10:00 до 20:00 часот и
- трговците од ставот 5 точка 6) на овој член може да работат од 08:00 до 14:00 часот.“

Понатаму, Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.295/2021 година) во членот 5, со кој во основниот текст на законот, во членот 50-а се менуваат ставовите 3, 4, 6 и 7 и се додава нов став 5, го предвидува следното:
„Ако инспекторот на трудот при инспекцискиот надзор констатира дека кај работодавачот работи работник во недела и на празници, спротивно на членот 25 од овој закон, со решение на работодавачот ќе му забрани вршење на работа во работната просторија, односно работниот простор, каде е утврдена неправилноста, во траење од 15 дена и ќе му издаде прекршочен платен налог. Ако работодавачот не го прифати прекршочниот платен налог, надлежниот инспектор ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка, согласно со Законот за прекршоците.

Ако работодавачот го повтори прекршокот од ставот 1 на овој член, инспекторот со решение ќе му забрани вршење на работа во работната просторија, односно работниот

простор каде е утврдена неправилноста во траење од 30 дена и ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка согласно со Законот за прекршоците.

За време на забраната за работа од ставовите (3) и (4) на овој член, работодавачот е должен на работниците да им исплатува надоместок на плата во висина од исплатената плата на работникот за претходниот месец и придонеси од плата и за време на забраната не смее да го намали бројот на вработените.

Против решенијата од ставовите (3) и (4) на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до органот надлежен за одлучување од втор степен согласно со закон.

Жалбата изјавена против решението од ставовите 1, 3 и 4 на овој член не го одлага неговото извршување.“

Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.295/2021 година) во членот 6, со кој во основниот текст на законот, во членот 55 став 1 по точката 4 се додава нова точка 5 и се менува точката 7 која сега е точка 8, го предвидува следното:
Глоба во износ од 60 до 200 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 400 до 600 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 700 до 800 евра во денарска противвредност за голем трговец, ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако:
1) не достави известување за започнување со вршење на дејноста (член 23 ставови 3 и 4);
2) започнал со работа во колективна станбена зграда и деловно станбена зграда пред 6:00 часот и не завршил пред 23:00 часот (член 25 став 3);

Глоба во износ од 20 до 40 евра во денарска противвредност за микротрговци, од 40 до 80 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 80 до 150 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 150 до 200 евра во денарска противвредност за големи трговци, ќе му биде изречена на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот 1 на овој член.

За прекршоците од став 1 на овој член на правното лице, и на одговорното лице во правното лице Државниот пазарен инспектор ќе им издаде прекршочен платен налог.

Глобата во прекршочниот платен налог се изрекува на минималниот пропишан износ на прекршокот.

По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог, сторителот на прекршокот е должен да ја плати изречената глоба согласно ставовите 1 и 2 на овој член, во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.

Сторителот на прекршокот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот 4 на овој член, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

Во постапката која ќе заврши со плаќање на прекршочен платен налог не се плаќаат трошоци на постапката.

Ако сторителот на прекршокот не ја плати глобата во рокот од став 4 на овој член, Државниот пазарен инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија“.

Според Уставот на Република Северна Македонија, во член 8 став 1 алинеја 7, една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија е „слободата на пазарот и претприемништвото“.

Според членот 55 од Уставот „Се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето“.

Во членот 9 од Уставот е утврдено дека „Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви“.

Имајќи ги предвид цитираните одредби од членовите 4, 5 и 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.295/2021 година), намерата на законодавецот е промовирање и остварување на правото на вработениот во трговијата на големо и трговијата на мало, на неделен одмор, во недела, како и на државни празници и други празници кои се определени како неработни денови согласно со членот 2 од Законот за празниците на Република Македонија.

Причината за донесување на едно вакво законско решение се токму одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, со кои се гарантираат основните слободи и права на човекот и граѓанинот, а особено одредбите од Уставот на Република Северна Македонија со кои се гарантираат економските, социјални и културни права, и тоа конкретно преку промовирање и доследна примена на правата на вработените утврдени во членот 32 од Уставот на Република Северна Македонија, а тоа е „Секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Секој вработен има право на соодветна заработувачка. Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.“

Како дополнителен поттик за реално остварување на правото на вработениот на неделен одмор, во недела, како и на државни празници и други празници, е заложбата на законодавецот за зачувување на традиционалните семејни вредности во општеството, притоа водејќи се од одредбите во членот 40 од Уставот на Република Северна Македонија, според кои „Републиката му обезбедува посебна грижа и заштита на семејството. Родителите имаат право и должност да се грижат за издржување и воспитување на децата. Децата се должни да се грижат за старите и изнемоштени родители.“. Во овој контекст е и одредбата од членот 42 од Уставот на Република Северна Македонија, според која „Републиката посебно ги заштитува мајчинството, децата и малолетните лица“, како и членот 41 од Уставот на Република Северна Македонија, кој предвидува дека „Републиката, заради усогласен економски и социјален развој, води хумана популациона политика“.

Што се однесува до тврдењата во Иницијативата, дека одредбите од членовите 4, 5 и 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.295/2021 година) се во спротивност со „слободата на пазарот и претпримништвото“ загарантирана со Уставот на Република Северна Македонија, посебно се нагласува дека оспорените одредби од Законот во ниту еден дел не ја нарушуваат оваа темелна вредност утврдена со Уставот на Република Северна Македонија. Одредбите од членовите 4, 5 и 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.295/2021 година) се подговени врз основа на Иницијатива од Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија (ЗЕЛС) доставена до Владата на Република Северна Македонија од 2.11.2020 година. Пред да се пристапи кон изготвување и донесување на едно вакво законско решение, кое стапи на сила на 4.1.2022 година, спроведени се компаративни анализи со земјите од Европската унија, изготвен е Извештај за проценка на влијанието на регулативата, објавен на www.ener.gov.mk, при што во консултации со сите засегнати страни и надлежни институции, констатирано е дека слободата на пазарот и претприемништвото, односно понудата и побарувачката, како основни елементи на пазарот и во иднина ќе продолжат во континуитет и без ограничувања да се реализираат, без притоа ваквото законско решение негативно да влијае, односно негативно да се одрази врз висината на профитот што го остваруваат работодавачите во трговијата на големо и трговијата на мало, како и врз бројот на вработените. Во прилог на наведеното, како позитивни примери и искуства, би посочиле на законските прописи во земјите од Европската унија (Австрија, Белгија, Франција, Германија, Исланд, Холандија и Норвешка), кои имаат статус на развиени економии, а кои одамна го имаат воведено и го применуваат правото на вработениот на неделен одмор, во недела и на државни празници.

Во однос на наводите од Иницијативата дека Законот за трговија врши упад во Законот за работните односи, во делот на плаќањето на работата и работното време, пропишувајки различен правен режим за додатоците на плата и работно време во недела и на празници за вработените во трговијата на мало, исто така во целост се неосновани. Ова од причина што, според Законот за работните односи, членот 134 став (1), „Работникот има право на неделен одмор во траење од најмалку 24 часа непрекинато, плус 12 часа дневен одмор од членот 133 на овој закон. Според ставот (2) од истиот член „Ден на неделен одмор е недела“. Според ставот (4) од истиот член „Работниците кај работодавачите од трговијата на мало и трговијата на големо, денот на неделен одмор од ставот (2) на овој член, го користат во согласност со Законот за трговија. Според ставот (6) од овој член „Работникот од дејностите од ставовите (3), (4) и (5) на овој член, покрај правото на додаток на плата за работа во недела, има право и на користење неделен одмор во наредните седум дена. Додатокот на плата за работа во недела изнесува најмалку 50% за секој час поминат на работа, доколку со закон и колективен договор не е утврден повисок износ на додатокот“.

Со членот 4 од  Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.295/2021 година), во членот 25 став 7 е утврдено „Додатокот на плата за работа во недела и на празници изнесува најмалку 100%, за секој час поминат на работа“.

На овој начин, со членот 4 став 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.295/2021 година) е постапено токму во согласност со одредбата од ставот (6) од членот 134 од Законот за работните односи, врз основа на која законодавецот го има искористено ова право и со Законот за трговија им има овозможено на вработените во трговијата на мало да добијат повисок износ на додаток на плата за работа во недела и на празници.

Во однос на наводите од Иницијативата дека Законот за трговија врши упад во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа пропишувајки други извори на финансирање за вршењето на основните надлежности на општините од оние таксативно пропишани со овој закон, исто така, во целост се неосновани.

Имено, според членот 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.295/2021 година), во членот 25 став 8 е предвидено „За трговците на мало од ставот 5 точки 2) и 3) на овој член се утврдува надоместок во висина од 2% од вкупниот приход остварен во претходната година во недела и на празници, кои средства ќе се инвестираат во детски градинки согласно со закон.“

Со оваа одредба, се предвидува средствата од надоместокот да бидат уплатени на посебна сметка во Буџетот на Република Северна Македонија-Министерство за труд и социјална политика, кои средства понатаму, врз основа на членовите 183 и 184 од Законот за заштита на децата, со кои се регулира финансирањето на системот за заштита на децата, ќе бидат искористени од Буџетот на Република Северна Македонија, за крајната намена т.е. за инвестирање во јавните установи за деца.

Во однос на обврската за плаќање надоместок во висина од 2% од вкупниот приход остварен во претходната година во недела и на празници, членот 4 став 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.295/2021 година) предвидува истата да се однесува само за:
- трговци кои вршат трговија на мало во продавници на бензински станици во чии рамки се врши трговија на мало претежно со храна, пијалоци и тутун и
-за трговци кои вршат трговија на мало во продавници, киосци и штандови во трговските центри (молови) кои имаат минимална ефективна површина за трговија на мало од 8.000м2.

Воведувањето на оваа обврска, за наведените две категории трговци кои вршат трговија на мало, е направена со цел да се даде предност во примената на остварувањето на законското право на неделен одмор на вработените, во недела и на празник, со оглед на тоа што токму кај овие две категории трговци, вработените се тие коишто се ангажирани да работат во недела и на ден празник., за разлика од останатите трговци од членот 25 став 5 точки 1), 4), 5) и 6) од Законот за трговија, кои истовремено се и сопственици и вработени. На овој начин, со воведувањето на обврската за плаќање надоместок во висина од 2% од вкупниот приход остварен во претходната година во недела и на празници, постои реална можност работодавачите кои вршат трговија на мало во објектите од членот 25 став 5 точките 2) и 3) од Законот за трговија, да одлучат неделата и празниците да бидат неработни за нивните вработени.

Имајки го предвид претходно наведеното, одредбите од членовите 4, 5 и 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.295/2021 година), се во согласност со членот 8, членот 9 и членот 55 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да ја отфрли предметната Иницијатива како неоснована.

**<u>Точка 45</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Илија Русев од с.Ангелци, Струмица, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21) и притоа го утврди следново мислење:

Според наводите во Иницијативата, имајќи предвид дека со оспорениот член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), се утврдува дека договорот за вработување работодавачот го прекинува кога работникот ќе наполни 64 години возраст и 15 години пензиски стаж, доколку со друг закон поинаку не е уредено, подносителот на Иницијативата смета дека содржината на истиот дозволува нееднаквост на граѓаните пред законите, поповолна положба за некои граѓани наспроти други, нарушување на начелото на владеење на правото и дека е во спротивност со членот 8 став 1 алинеја 3 и членот 9 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, една од темелните вредности на уставниот поредок на Републиката е и владеењето на правото.

Членот 9 од Уставот, во својот став 2, утврдува дека граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), се менува членот 104 и истиот утврдува дека договорот за вработување работодавачот го прекинува кога работникот ќе наполни 64 години возраст и 15 години пензиски стаж, доколку со друг закон поинаку не е уредено.

Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19 и 267/20), во членот 104 го уредуваше прекинувањето на договорот за вработување поради возраст на работникот со кој има склучено договор за вработување. Во ставот (1) од овој член, беше дефинирано дека работодавачот го прекинува договорот за вработување кога работникот ќе наполни 64 години возраст и ќе има најмалку 15 години пензиски стаж. Наведените години на потребен пензиски стаж се во тесна врска со условот за стекнување на право на старосна пензија, согласно член 18 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19, 275/19 и 31/20). Од оваа причина, ваквото законско решение имплицира дека наведените услови за прекинување на договорот за вработување треба да се гледаат кумулативно и дека работодавачот не може да го раскине договорот за вработување иако работникот наполнил 64 години возраст, доколку работникот има договор за вработување на неопределено работно време, а нема најмалку 15 години стаж на осигурување.

Поради кумулативноста на условите од членот 104 став (1) од Законот, понатаму, во истиот член се разработуваше можноста за продолжување на договорот за вработување на доброволна основа, односно со поднесена изјава за продолжување на договорот за вработување од страна на работникот, во точно детерминиран рок за поднесување, а продолжувањето на договорот за вработување, согласно оваа одредба од Законот, можеше да се остварува се до навршување на 67 години возраст на работникот, кога по сила на Законот, договорот за вработување мораше да се прекине.

Со формулирањето на последното законско решение, прво, се укинува можноста за продолжување на договорот за вработување до 67 години со изјава на работникот и притоа, се потврдува двостраноста на работниот однос, односно се отстранува

задолжителноста за продолжување на договорот за вработување, по еднострaната изјава на волја на работникот, а како второ, Законот дава можност, ова да биде и поинаку уредено со друг закон. Давајќи отстапка од генералната рамка на уредување на овој сегмент од работниот однос, законодавецот ја распознава специфичноста на одредени професии, во кои, доколку престанокот на договорот за вработување се применува согласно претходно опишаниот начин, може да дојде до загрозување на други уставно загарантирани права. Имено, ова би се случило, на пример, во областа на образованието, каде престанокот на работниот однос е врзан со завршетокот на учебната година, а не со возраста и стажот на работникот. Доколку би се применувало само решението „.... 64 години возраст и 15 години пензиски стаж...“ и доколку нема соодветен стручен кадар, во оваа област ќе се наруши правото утврдено во членот 44 од Уставот, според кој: „Секој има право на образование. Образованието е достапно на секого под еднакви услови. Основното образование е задолжително и бесплатно.“ Понатаму, недостатокот на кадри во областа на здравството, директно ќе влијае на уставно загарантираното право на здравствена заштита, утврдено во членот 36 од Уставот на Република Северна Македонија.

Оттука, произлегува дека одредбите од членот 104 од Законот за работните односи не можат да се применуваат за сите вработени, од причина што од оспорените одредби „доколку со друг закон поинаку не е уредено“ јасно произлегува дека тој има супсидијарна примена во случаи кога со други посебни закони истата материја е уредена поинаку. Следствено, Законот за работните односи се јавува како lex generalis во уредувањето на работните односи, а додека законодавецот може со други посебни закони (lex specialis) да доуреди одредени прашања од оваа материја кои би се однесувале за одредена категорија на работници, при што со тоа не би се нарушило уставното начело на еднаквост, кое согласно уставно-судската пракса подразбира дека со еднаквите се постапува еднакво, а со нееднаквите нееднакво.

Во оваа смисла, имајќи сеопфатно разбирање за комплексноста на последиците на наведениот член, јасно и недвосмислено е дека ова законско решение претставува општа, генерална одредба и истото е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 9 став 2 од Уставот на Републлка Северна Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорениот дел од членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21) е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 9 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21).

## Точка 46

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Ивана Минова од Велес, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.6/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 5 и член 6 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест ковид-19 предизвикана од вирусот SARS-Cov-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20) и притоа го утврди следново мислење:

**1.** Подносителот на иницијативата Ивана Минова од Велес ја оспорува уставноста на членот 5 и членот 6 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест ковид-19 предизвикана од вирусот SARS-Cov-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 263/20).

Во Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест ковид-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20, 269/20, 275/20, 287/20, 292/20, 298/20, 304/20, 306/20, 317/20, 13/21, 45/21, 53/21, 55/21, 58/21, 64/21, 65/21, 75/21, 87/21, 94/21, 100/21, 106/21, 109/21, 113/21, 116/21, 119/21, 126/21, 133/21, 139/21, 141/21, 146/21, 153/21, 162/21, 176/21, 187/21, 193/21 и 199/21), членот 5, гласи:

„Се наредуваат следниве времени мерки:
1. Носење лична заштита на лицето (респираторна маска, хируршка маска за еднократна употреба, текстилна маска за повеќекратна употреба, свилена марама или шал, памучна марама или шал, бандана и слично).
2. Задолжителна самоизолација при тестирање за коронавирус КОВИД-19 од закажување на тестот или самото тестирање до добивање на резултатот, а самоизолацијата продолжува доколку резултатот е позитивен.
3. Забрана за групирање на јавен простор (паркови, јавни површини или која било површина на отворено) во одредени периоди од денонокието.
4. Строга изолација (карантин) во домашни услови или во здравствена установа за заболени лица од заразната болест COVID-19 и лица кои биле или се сомнева дека биле во непосреден контакт со лице заболено или инфицирано со заразната болест ковид-19.“

Членот 6 гласи:
„Секое домашно или странско физичко лице на територијата на Република Северна Македонија задолжително треба да носи лична заштита на лицето согласно член 5 став 1 точка 1. од оваа одлука при излегување надвор од својот дом (живеалиште и/или престојувалиште) и тоа при движење во затворени објекти и на отворено, особено при движење на јавни места и површини од отворен и затворен тип (во установи од областа на образованието, во установи од областа на згрижување на деца, во установи од областа на културата, при возење во патничко моторно возило со лице/лица со кое/коишто не живее во заедничко домаќинство и други површини од затворен тип), на пазари, во јавен превоз и при влез во затворени простори на оператори кои поради нивната природа на дејност претставуваат место на собирање на повеќе лица (државни институции, трговски центри, уплатно-исплатни места, молови, маркети, продавници, банки, пошти, чекалници, здравствени институции и слично).
Лицето од став 1 на овој член задолжително носи лична заштита на лицето во текот на целиот престој надвор од својот дом и истото е должно да ја почитува мерката и во услови кога одржува дозволено минимално растојание од најмалку еден и пол до два метри од друго лице при престојување или движење на јавни места и површини од отворен и затворен тип.
Под лична заштита на лицето од ставот 1 на овој член, се подразбира било каква форма на заштита којашто ги покрива пределот на носот и устата (респираторна маска ФФП2 или повисок стандард, хируршка маска за еднократна употреба, текстилна маска за повеќекратна употреба, свилена марама или шал, памучна марама или шал, бандана и слично).

По исклучок од ставот 1 на овој член, секое домашно или странско физичко лице на територијата на Република Северна Македонија, може да не ја носи личната заштита на лицето:
1. При спортување на отворен простор или на затворено со почитување на протоколите за заштита донесени од Владата на Република Северна Македонија заради спречување од внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19 (дистанца, дезинфекција и слично);
2. При возење во приватно патничко моторно возило ако возачот е сам или со лице/лица со кое/коишто живее во заедница;
3. При престојување во двор на семејна куќа, сам или со лице/лица со кое/коишто заедно живеат во заедница;
4. При седење во угостителски објект со почитување на протоколите за заштита донесени од Владата на Република Северна Македонија заради спречување од внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19 (дистанца, дезинфекција и слично);
5. Ако лицето носи лична заштитна опрема на работа, пропишана со прописите за безбедност и заштита при работа, која лицето ја носи, држи и ја употребува при работата, со цел да се заштити од опасности кои можат да ја загрозат неговата безбедност и здравје при работата, што се смета за друг тип на заштитна опрема специфична за определено работно место;
6. Ако лицето е помладо од шестгодишна возраст (дете) и
7. Ако лицето има специфична здравствена состојба, е лице со посебни потреби или е лице со пречки во развој поради што носењето на лична заштита на лицето би било проблематично или контраиндицирано".

Според подносителот на Иницијативата Ивана Минова од Велес, мерките пропишани во оспорените одредби не се во согласност со:
- членот 11 од Уставот на Република Северна Македонија кој гарантира дека физичкиот и моралниот интегритет се неприкосновени и се забранува секаков вид на понижувачко и нечовечко однесување или казнуваање,
- членот 12 од Уставот на Република Северна Македонија, кој гарантира дека слободата на човекот е неприкосновена и никому не може да му биде ограничена слободата освен со одлука на судот и во случаи и во постапка утврдена со закон,
- членот 53 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија, кој вели дека ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, вера, национална и верска определба, социјална положба, имотна или општесетвена положба,
- членот 54, став 4 од Уставот на Република Северна Македонија, според кој ограничувањето на слободите и правата не може да се однесува на правото на живот, забраната на мачење, на нечовечко и понижувачко постапување и казнување, на правната одреденост на казнивите дела и казните, како и на слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата и вероисповеста,
- членот 137 од Кривичниот законик, кој вели:
Тој што врз разлика на полот, расата, бојата на кожа, национална и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба и друго лично својство или околност, ќе му одземе или ограничи право на човекот, утврдено со Уставот, закон или со ратификуван меѓународен договор, ќе се казни со казна затвор од три месеци до три години.
- членот 139 од Кривичниот законик, кој гласи:
Тој што со употреба на сила или сериозна закана ќе присили друг да стори или да не стори или да трпи нешто, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.
- членот 403 од Кривичниот законик, според кој:
Тој што со намера наполно или делумно да уништи некоја национална, етничка, расна или верска група, ќе нареди да се вршат убиства или тешки повреди на телото или тешко нарушување на физичкото или душевното здравје на членовите на групата или присилно раселување на населението или групата да се стави во такви животни услови

што доведуваат до наполно или делумно истребување на групата или да се применат мерки со кое се спречува раѓање меѓу припадниците на групата или да се врши присилно преселување на деца во друга група или тој што со иста намера ќе изврши некое од наведените дела, ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.

**2.** Во членот 27 од Уставот на Република Северна Македонија е наведено:

„Член 27
Секој граѓанин на Република Македонија има право слободно да се движи на територијата на Републиката и слободно да го избира местото на своето живеалиште.
Секој граѓанин има право да ја напушти територијата на Републиката и да се врати во Републиката.
Остварувањето на овие права може да се ограничи со закон, единствено во случаите кога е тоа потребно заради заштита на безбедноста на Републиката, водење на кривична постапка или заштита на здравјето на луѓето".

Членот 39 од Уставот на Република Северна Македонија вели:

„Член 39
На секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита.
Граѓанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите".

Во член 55 од Уставот на Република Северна Македонија е предвидено:

„Член 55
Се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото.
Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.
Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето."

Со член 28 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.257/20), е предвидено:

„Член 28
Лицата кои се заболени од заразни болести кои можат непосредно да се пренесат на други лица се изолираат во текот на лекувањето.
Лицата заболени од колера, цревен тифус и паратифус, чума, антракс, бруцелоза туберкулоза, лепра, тетанус, дифтерија, менингококна болест, гасна гангрена, болеста од ХИВ, легионерска болест, повратна треска, пегав тифус, Брил-Зинцерова болест, детска парализа, беснило, вирусен енцефалит пренесен со крлежи, други вирусни енцефалити, жолта треска, хеморагични трески, маларија и лајшманија за задолжително се лекуваат во здравствени установи за лекување на заразни болести.

Лицата заболени од коронавирус КОВИД-19 задолжително се лекуваат во јавни здравствени установи.

По исклучок од ставот 3 на овој член, лицата заболени од коронавирус КОВИД-19, по медицински индикации, се лекуваат и изолираат и во приватни здравствени установи

кои имаат дозвола за вршење на дејноста за интензивна нега и терапија или во домашни услови, доколку за тоа постојат услови.
Доколку во јавните здравствени установи од ставот 3 на овој член, се исполнети капацитети за лекување на лицата заболени од коронавирус КОВИД-19, доколку кај лицата примени во приватната здравствена установа во текот на укажувањето на здравствените услуги за дијагностицирање, лекување, третман, нега и рехабилитација во установата е утврдено присуство на причинителот SarsCov-2 вирус за заразната болест коронавирус КОВИД-19 во нивниот организам, како и во други случаи (недостиг на здравствени работници, здравствени соработници и други вработени лица во јавната здравствена установа и слично), по претходно дадена согласност од страна на Министерството за здравство, лекувањето на лицата може да се врши и во приватни здравствени установи кои имаат дозвола за вршење на дејноста за интензивна нега и терапија.

Заради спречување на ширењето и сузбивање на заразната болест предизвикана од коронавирусот КОВИД-19 и заштита на населението, можат да се наредат следниве времени мерки:
1. Носењето лична заштита на лицето (респираторна маска, хируршка маска за еднократна употреба, текстилна маска за повеќекратна употреба, свилена марама или шал, памучна марама или шал, бандана и слично) при излегување надвор од својот дом, односно при движење на јавни места и површини од отворен и затворен тип, на пазари, во јавен превоз и при влез во затворени простори на оператори кои поради нивната природа на дејност претставуваат место на собирање на повеќе лица (државни институции, маркети, продавници, банки, пошти, чекалници, здравствени установи и слично), освен:

   1. При спортување на отворен простор или на затворено со почитување на специфичните протоколи за заштита (дистанца, дезинфекција и слично);
   2. При возење во приватно патничко моторно возило ако возачот е сам или со лице/лица со кој/коишто живее во заедница;
   3. При престојување во двор на семејна куќа, сам или со лице/лица со кој/коишто заедно живеат во заедница;
   4. При седење во угостителски објект со почитување на специфичните протоколи за заштита (дистанца, дезинфекција и слично);
   5. Ако се користи друг тип на заштитна опрема специфична за определено работно место;
   6. Ако лицето е помладо од 6-годишна возраст (дете) и
   7. Ако лицето има специфична здравствена состојба, е лице со посебни потреби или е лице со пречки во развој поради што носењето на лична заштита на лицето би било проблематично или контраиндицирано.

2. Задолжителна самоизолација при тестирање за коронавирус КОВИД-19 од закажување на тестот или самото тестирање до добивање на резултатот, а самоизолацијата продолжува доколку резултатот е позитивен;
3. Забрана за групирање на јавен простор (паркови, јавни површини или која било површина на отворено) во одредени периоди од денонокието и
4. Други мерки утврдени со закон.

Мерките од ставот 6 на овој член траат додека постои опасност од ширење на епидемијата.

Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за здравство одлучува кои од мерките од ставот 6 на овој член ќе се применат, случаите во кои ќе се применат и за кој временски период.

Во здравствените установи за лекување на заразните болести задолжително се изолираат и лицата за кои се сомнева дека боледуваат од колера, чума, вирусни хеморагични трески (Ebola, Lassa и Marburg), детска парализа и дифтерија.

За заболени од белодробна чума и вирусни хеморагични трески (Ebola, Lassa и Marburg) кои се пренесуваат од човек на човек, при лекувањето се применува мерката строга изолација (карантин).

Лицата кои се заболени од други заразни болести, по медицински индикации, се лекуваат и изолираат и во други здравствени установи или домашни услови, доколку за тоа постојат услови“.

Во член 58 од Законот за заштита на населението од заразни болести е пропишано:

„Член 58
Кога со мерките пропишани со овој закон не е можно во Република Македонија да се спречи внесување и ширење на одредени заразни болести, Владата на Република Македонија на предлог на Министерството може да ги нареди следниве мерки:
1) Да одреди услови за патување, како и мерки и услови при враќање од држава каде што постои можност за заразување со посебно опасни заразни болести;
2) Да забрани патување во држава каде што постои можност за заразување со посебно опасни заразни болести;
3) Да воспостави посебен режим на движење или да забрани движење на населението во заразените, односно загрозените подрачја;
4) Да забрани собирање на населението на јавни собири, во кино сали, училишта, јавни објекти, локали и други јавни места, додека трае опасноста од ширење на заразната болест;
5) Да ограничи или забрани промет на одделни видови на стоки и производи и
6) други мерки пропишани со овој закон.“

**3.** Согласно претходното, Уставот на Република Северна Македонија гарантира слободи и права на граѓаните, но истовремено предвидува и исклучоци со кои се ограничуваат истите заради заштита на здравјето на луѓето. Во оваа насока е и уставната одредба која предвидува право, но и должност на граѓанинот да го чува и унапредува не само сопственото здравје, туку и здравјето на другите.

Токму заради операционализација на овие одредби од Уставот со Законот за заштита на населението од заразни болести е предвидена можноста заради заштита на здравјето на луѓето да се преземат мерки кои иако значат ограничување на некои слободи и права на граѓаните, немаат за цел ограничување на слободите и правата на граѓаните, туку се оправдани заради заштита на здравјето на граѓаните.

Оттука, оспорената Одлука е само примена на горенаведените одредби во конкретна ситуација кога се исполнети сите услови за определување на мерките предвидени со Одлуката.

***

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија укажува дека член 5 и член 6 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест ковид-19 предизвикана од вирусот SARS-Cov-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 263/20) се е во согласност со Уставот на Република

Северна Македонија и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 5 и член 6 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест ковид-19 предизвикана од вирусот SARS-Cov-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 263/20), поднесена од Ивана Минова од Велес.

## <u>Точка 47</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од ДОО „НАБИЗИ“-Струга преку Игор Петковски, адвокат од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.132/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Тарифата број 6 од Правилникот со Тарифа за користење на авторски музички дела, донесен од Собранието за заштита на авторски музички права ЗАМП на 8 јуни 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.153/2017) и притоа го утврди следново мислење:

Со предметната иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Тарифниот број 6 од Правилникот со тарифа за користење на авторски музички дела на Здружението за заштита на авторски музички права „ЗАМП“, Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 153/17), се оспорува наведениот Тарифен број 6 од Правилникот со тарифа за користење на авторски музички дела (Правилникот со Тарифа) со оглед дека истиот е во спротивност со членот 8 став (1) алинеја 4 (владеењето на правото како темелна вредност) и членот 51 (поделба на државната власт на законодавна, извршна и судска) од Уставот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/91, 1/92, 31/98, 91/01, 84/03, 107/05, 3/09, 49/11 и 6/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.36/19). Тарифниот број 6 од Правилникот со Тарифа определува дека:
„(1). За користење на музички дела по пат на механичка музика во продажни (шопинг) центри, стоковни куќи, бензиски пумпи, супермаркети, продавници, бутици, деловни простории и сл. месечниот надоместок се утврдува во зависност од големината на просторот и изнесува: а) од 1 до 30 м2 основицата изнесува 1 бод по 1 м2; б) од 31 до 100 м2 основицата изнесува 0,8 бода по 1 м2; в) од 101 до 200 м2 основицата изнесува 0,7 бода по 1 м2 и г) над 200 м2 основицата изнесува 0,6 бода по 1 м2.

(2) Кога музичките дела се соопштуваат и на отворен јавен простор надоместокот од претходниот став се зголемува за 100 бода“.
Предметната иницијатива се смета дека е неоснована од следните причини:
1. Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16) (Законот), во членот 1-а ги определува поимите „јавност“ и „јавно користење“. Така, тој определува дека јавност, во смисла на овој закон опфаќа поголем број лица надвор од потесниот круг на роднини или лични познанства (став 1), и дека јавно користење означува секое користење на авторското дело, односно на предметот на сродните права, достапно на јавноста или користење на авторско дело, односно предмет на сродните права во простор до кој јавноста има пристап, како и овозможување на достапност на припадник на јавноста до авторско дело, односно предмет на сродните права во време и место кое самиот ќе го избере.
Законот во членот 3 определува дека авторот, односно носителот на сродно право, има право на правичен надоместок за секој вид користење на авторското дело, односно предметот на сродно право, доколку со овој закон поинаку не е определено.
Според член 12 точка 4 од Законот, авторско дело е интелектуална и индивидуална творба од областа на книжевноста, науката и уметноста, изразена на кој било

начин и форма и за авторско дело, меѓу останатото, се смета особено музичкото дело, со или без текст.
2. Член 20 од Законот утврдува дека авторското право е единствено право и е неразделно од авторското дело и содржи исклучиви морални права, исклучиви материјални права и други права, определени со Законот.
Материјалните права од член 26 од Законот ги штитат имотните интереси на авторот од неговото авторско дело и тој има исклучиво право да дозволи или забрани користење на неговото дело или негови примероци од други лица, освен во случаи определени со овој закон.
Согласно членот 27 од Законот, авторот при користењето на авторското дело или неговите примероци ги има следниве исклучиви материјални права:
1) право на умножување на делото; 2) право на пуштање во промет на делото; 3) право на јавно соопштување на делото и 4) право на преработување на делото.
Членот 30 од Законот определува дека јавното соопштување на делото се следните видови користења: 1) јавно изведување; 2) јавно пренесување;3) јавно изложување; 4) јавно прикажување; 5) радиодифузно емитување; 6) реемитување и 7) ставање на располагање на јавноста.

Јавното пренесување од член 32 од Законот го дефинира јавното пренесување како јавно соопштување преку звучник, екран и кое било друго техничко средство на: 1) изведба на авторско дело во живо, надвор од просторот или местото во кое делото се изведува во живо; 2) звучно и/или визуелно снимено авторско дело (фонограми, видеограми и слично) од подлогата од која е снимено и 3) авторско дело што радиодифузно се емитува. Исто така, членот 34 од Законот го утврдува јавното прикажување како претставување на јавноста преку технички средства, на аудиовизуелно дело или на дело од областа на фотографијата, ликовната уметност, архитектурата, урбанизмот, применетата уметност, дизајнот, картографијата, како и дела од научна и техничка природа.
3. Членот 69 од Законот ја определува Активната легитимација-
Правата што според Законот му припаѓаат на авторот, вклучувајќи го и правото на судска заштита, му припаѓаат и на друг носител на авторско право, во обем што со закон или со друг правен акт му се пренесени, доколку со овој закон поинаку не е определено. Оваа активна легитимација се однесува и се применува како при индивидуалното остварување, така и при колективно управување со авторското право и сродните права.
4. Во членот 129 од Законот е определено индивидуалното остварување и колективното управување на авторското право и сродните права (АПСП). Така, носителите на АПСП можат да ги остваруваат правата определени со овој закон индивидуално (одделно за секое авторско дело, односно предмет на сродно право), лично, односно преку застапник или колективно (заедно за повеќе дела или предмети на сродни права и за повеќе носители на правата) преку организација за колективно управување со правата, на начин и под услови определени со Законот (став 1). Колективното управување опфаќа правни работи со корисниците на правата, прибирање надоместоци од користењето, нивна распределба и заштита на правата пред државни органи и други субјекти. (став 2). Колективно се управуваат АПСП само за објавени авторски дела и за објавени предмети на сродните права (став 3). Според ставот (5) од истиот член, во случај на колективно управување правата се пренесуваат неисклучиво.
Колективното управување на наведените права, според членот 130 од Законот, се остварува за права определени со Законот во случаи кога не е можно индивидуално остварување на правата, поради карактерот на авторските дела, односно на предметите на сродните права и поради условите и начинот на нивно користење, како и колективното управување да може да се остварува и за исклучиви права што се остваруваат индивидуално, доколку со договор тоа право и е пренесено на организацијата за колективно управување од авторот, односно носителот на правото.

Колективното управување со АПСП може да врши правно лице основано од носители на правата (физички и /или правни лица) за колективно управување со правата кое работи во свое име, а за сметка на носителите на правата и врз основа на дозвола од Министерството за култура. Организацијата/правното лице работи со непрофитна цел врз принципите на рационалност и транспарентност и со почитување на правилата за конкуренција). Организацијата/правното лице може да биде основана за одредени видови права или за права што припаѓаат на одделни носители. (член 132 ставови (1), (2) и (3)).

Според членот 134 став (2) од Законот, организацијата/правното лице што врши колективно управување од овој закон, ги управува правата на сите носители на правата за кои има добиено дозвола од Министерството за култура, во согласност со овој закон и статутот, односно договорот за основање.

5. Членот 137 од Законот определува дека надоместоците за користење на авторското дело, односно предметот на сродните права се определуваат според следниве основи: 1) кога користењето на авторското дело, односно предметот на сродните права е нужно за вршење на дејноста на корисникот, односно приходот во дејноста зависи од нивно користење (јавно изведување на авторски дела и предмети на сродни права, без разлика на намената и просторот во кој се изведуваат како концертна, интерпретаторска, танцова дејност и други видови на користење, како ставање на располагање на јавноста на барање и слично), надоместокот за користење се определува, по правило, во процент од приходот којшто корисникот го остварува со користењето на авторското дело и/или предметот на сродните права; 2) кога со користењето од точката 1 на овој став надоместокот не е можно да се определи во процент од приходот, тогаш тој се определува во паричен износ што соодветствува на придонесот од користењето на авторските дела, односно предметот на сродните права во вршењето на дејноста; 3) кога користењето на авторското дело, односно предметот на сродните права се врши од страна на радио-телевизиска организација во која е инсталиран системот за електронска евиденција, надоместокот за користење се определува во номинален износ кој се пресметува во зависност од траењето на емитувањето, односно користењето евидентирано во системот за електронска евиденција. 4) кога користењето на авторското дело, односно предметот на сродните права се врши од страна на радио-телевизиска организација во која не е инсталиран системот за електронска евиденција, надоместокот за користење се определува во процентот од приходот кој ги опфаќа средствата од радиодифузната такса и/или претплатата, рекламите, спонзорствата, дотациите и приходите од промет на програми. Како приход не се сметаат средствата од данокот на додадена вредност, средствата од кредити и камати на кредити. 5) Организацијата за колективно управување и радио-телевизиската организација во случајот од точката 3) на овој став на барање на радио-телевизиската организација со договор можат да утврдат надоместот за користење на авторско дело, односно предмет на сродно право да се определи во процент од приход согласно точката 4) на овој став. 6) кога користењето на авторското дело, односно предметот на сродните права се врши од страна на непрофитна радио-телевизиска организација, надоместот за користењето не се плаќа; 7) кога користењето на авторското дело, односно предметот на сродните права се врши од страна на кабелските оператори надоместокот за користење по правило се определува по бројот на претплатници на операторот до кои е овозможена услугата за реемитување на радио и телевизиските програми; 8) кога со јавното користење на авторското дело, односно предметот на сродните права не се остварува приход (приредби, манифестации и слично), надоместокот се определува во процент од трошоците потребни за користење на авторското дело, односно предметот на сродните права, како што се надоместоците на авторите, односно на носителите на сродните права, трошоците за користење на просторот при користење на авторското дело, односно предметот на сродните права и

други соодветни трошоци; 9) при определувањето на надоместоците од точките 1, 2, 3, 4, 5 и 8 на овој став се определува и најнискиот номинален (апсолутен) износ на надоместокот; 10) кога користењето на авторското дело, односно предметот на сродните права не е нужно за вршење на дејноста на корисникот, меѓутоа придонесува кон зголемување на пријатноста на крајните корисници на нивните услуги (сместувачки капацитети, хотели, изложбени простори, угостителски објекти, превозни средства и други слични дејности), надоместокот се определува во паушални износи и тоа за постојаните и за повремените користења на авторското дело, односно предметот на сродните права;. 11) По исклучок од точката 10) на овој став не се плаќа надоместок за користење на авторското дело, односно предметот на сродните права во:-простории во кои занаетчиска дејност врши физичко лице-занаетчија регистриран во Регистарот на занаетчии,- музеи, галерии, и други простории во кои се врши организирање и јавно изложување на оригинали или примероци на дела од ликовната и применетата уметност, оригинали на книжевни или музички дела и други уметнички предмети,-одморалишта и планинарски домови,-трговски и други производствени погони и-превозни средства во јавен линиски превоз на патници и авто-такси превоз на патници.

Наведениот член во наредните ставови определува дека корисник, во смисла на ставот (1) на овој член, е физичко или правно лице кое користи авторско дело и/или предмет на сродни права за вршење на дејност или занимање. Доколку повеќе корисници заеднички користат авторско дело, односно предмет на сродни права, обврските кон организацијата ги исполнуваат солидарно, доколку со претходен меѓусебен договор поинаку не се договориле (став 2). Како краен корисник на услугите на корисниците од ставот (1) на овој член е физичко или правно лице кое како потрошувач за непосредна сопствена потрошувачка за цели што не се наменети за вршење на негово занимање или за други деловни дејности, користи услуги во кои се содржани авторски дела, односно предмети на сродни права. (став 3); Организацијата/правното лице нема право да бара наплата на надоместоци од лица кои се крајни корисници од ставот (3) на овој член. Договорите од членот 139 став (1) точки 1 и 2 од овој закон склучени спротивно на овој закон се ништовни.

При определување висината на надоместоците во член 138 од Законот се земаат предвид: 1) правата, видовите и обемот на нивно користење; 2) бројноста на потенцијалните корисници; 3) категоријата и големината на просторот; 4) времетраењето и бројот на користењата; 5) разликата на цените во работењето на корисникот поради користењето на делата, односно предметите на сродните права; 6) структурата и природата на програмата (форматот на радиодифузниот сервис), согласно со издадената дозвола за вршење радиодифузна дејност (кај радиодифузно емитување); 7) религиозните, културните, општествените и социјалните интереси на корисниците и 8) интересите на младите и лицата со посебни потреби.

6. Правилникот со тарифа е во согласност со Законот и ги уредува односите за користење на музичките авторски дела. Така, во членовите 9 и 10 од Правилникот со тарифа соодветно се вградени членовите 137 и 138 од Законот, додека во останатите соодветно се вградени постулатите за колективното управување, определени во Законот.

Исто така, во тарифните броеви 4, 5, 6, 8, 9, 10, 11, 13, 14, 15, 16, 17, 18 и 19 од Правилникот со тарифа соодветно се применети одредбите од членот 32 точки 2 и 3 од Законот што се однесуваат на јавното пренесување, како дел од видот на користење-јавното соопштување.

Оттаму, може да се констатира дека Тарифниот број 6 е во согласност со членот 32 точки 2 и 3, како и членовите 137 и 138 од Законот за авторското право и сродните права.

Усогласеноста со Законот, поради тесната врска на начелата на уставност и законитоста укажува и дека нема повреда на уставното начело за владеење на правото.

Покрај начелото на владеење на правото, Правилникот со тарифа следствено е во согласност и со други начела од Уставот на Република Северна Македонија, и тоа: членот 8-Темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија:- основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот (алинеја 1);-правната заштита на сопственоста (алинеја 6); и-почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право (алинеја 11).

Потоа, Правилникот со тарифа е во согласност и со членот 20 став 1 од Уставот- на граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања; со членот 30 ставови 1 и 2 од Уставот-Се гарантира правото на сопственост и правото на наследување, односно сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата; со членот 47 ставови 1 и 2 од Уставот-Се гарантира слободата на научното, уметничкото и на другите видови творештво. Се гарантираат правата што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид интелектуално творештво; како и со членот 51 од Уставот-Во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

7. Членот 118 од Уставот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.52/91, 1/92, 31/98, 91/01, 84/03, 107/05, 3/09, 49/11 и 6/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.36/19), определеува дека, меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон.

Основни и темелни меѓународни договори од областа на авторското право претставуваат: Бернската конвенција за заштита на книжевните и уметнички дела (Париски акт од 1971 година), како и Договорот на Светската организација за интелектуалната сопственост за авторското право, обата ратификувани од Република Северна Македонија.

Во наведените акти една од темелните вредности претставува т.н. национален третман на авторите, според кој, покрај домашните автори (во случајов автори на музички дела), истовремено се штитат и странските автори.
Затоа, Здружението за заштита на авторски музички права „ЗАМП", Скопје од 2005 година е редовен член на Меѓународната асоцијација на здруженија за заштита на правата на авторите на музички дела ЦИСАК и има склучени 53 билатерални договори со соодветни странски здруженија за реципрочно застапување.

Ова застапување, односно остварување и заштита на правата на авторите се врши врз основа на соодветни стандардизирани критериуми, што како основи за определување на надоместоците се пропишани во членовите 137 и 138 од Законот за авторското право и сродните права.

8. Тарифниот број 6 за кого се бара оценка на уставноста и законитоста нема никаква директна врска со членот 51 од Уставот на Република Северна Македонија, односно поделба на државната власт на законодавна, извршна и судска.

Законот во член 159 определува дека авторското право и сродните права уживаат кривична, граѓанска и прекршочна заштита (став 1). Кривичната заштита на авторското право и сродните права се остварува според одредбите на Кривичниот законик и прописите за кривична постапка. (став 2). Граѓанската заштита на авторското право и сродните права се остварува според прописите за парничната постапка, за обезбедување побарувања, за облигационите односи и овој закон (став 3). Прекршочната заштита на авторското право и сродните права се остварува според прописите за прекршоци и овој закон (став 4). Заштитата на авторското право и сродните права ја вклучува и заштитата на технолошките мерки од повреда на правата (став 5). На постапките по барање за времени мерки, определени со овој закон, при увоз, извоз или повторен извоз авторско дело, предмет на сродно право или нивни примерок, се применуваат прописите за царински мерки за заштита на правата од интелектуалната сопственост. (став 6).

Оттаму, врз основа на цитираниот член од Законот, како и членот 129 став (2), Владата на Република Северна Македонија констатира дека нема повреда ни на членот 51 од Уставот на Република Северна Македонија.
***
Имајќи го предвид горенаведеното, а со оглед дека Правилникот со тарифа е донесен врз основа на Законот за авторското право и сродните права од страна на Собранието на ЗАМП, Владата на Република Северна Македонија укажува дека истиот по својата содржина и карактер не претставува пропис, туку акт донесен од страна на Собранието на ЗАМП, а согласно член 110 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија, меѓу другото, одлучува за согласноста на прописите со Уставот и со законите, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Тарифниот број 6 од Правилникот со тарифа за користење на авторски музички дела на Здружението за заштита на авторски музички права „ЗАМП“, Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр.153/17), со оглед дека истиот не треба да биде предмет на оценка на неговата уставност и законитост.

## Точка 48

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Павле Трајанов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.1/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 75-ѓ, 76-д, 78 и 78-а од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21) и притоа го утврди следново мислење:

Со поднесената Иницијатива, предлагачот, бара Уставен суд да поведе постапка за оценување на уставноста на член 75-ѓ, член 76-д, член 78 и член 78-а од Изборниот законик.

***

Со Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/20, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21) се уредуваат начинот, условите и постапката за избор на Претседател на Република

Македонија, за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје, за избор на градоначалник на општина и градоначалник на Градот Скопје, начинот и постапката на евидентирање на избирачкото право, водење на Избирачкиот список, определување на границите на изборните единици и утврдувањето, менувањето и објавувањето на избирачките места, како и условите за функционирање на избирачките места.

Во член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик уредено е дека за време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно девет минути и триесет секунди дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови можат да одвојат најмногу четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор, за двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови можат да одвојат најмногу четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор, за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група можат да одвојат една минута која се распределува по претходен писмен договор и за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија или кандидати можат да одвојат триесет секунди кои се распределуваат по претходен писмен договор.

Во член 75-ѓ став 12 од Изборниот законик поблиску е уредена содржината на рекламниот простор на електронските медиуми (интернет портали) и печатените медиуми наменет за платено политичко рекламирање, кој се распределува по следниве критериуми:
- најмногу 45% од рекламниот простор може да се даде на двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови;
- најмногу 45% од рекламниот простор може да се даде на двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови;
- најмногу 7% од рекламниот простор може да се даде на политичките партии во Собранието на Република Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група и
- најмногу 3% од рекламниот простор може да се даде на политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија или кандидати.

Во член 76-д став 5 од Изборниот законик уредено е дека финансиските средства за платено политичко рекламирање обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија во текот на изборниот процес, не смеат да ја надминат сумата од 2 (две) евра во денарска противвредност без пресметан ДДВ, по запишан избирач од вкупно запишани избирачи на територијата на Република Северна Македонија, а за локални избори дополнително по 1 (едно) евро во денарска противвредност без пресметан ДДВ по запишан избирач на територијата на општината каде се одржува втор круг на гласање и за претседателски избори доколку има втор круг дополнително по 1 (едно) евро во денарска противвредност без пресметан ДДВ по запишан избирач од вкупно запишани избирачи на територијата на Република Северна Македонија. Овие средства се распределуваат по претходен писмен договор на следниов начин:
- најмногу 45% од средствата може да ги искористат двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови;

- најмногу 45% од средствата може да искористат двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови;
- најмногу 7% од средствата може да искористат политичките партии во Собранието на Република Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група и
- најмногу 3% од средствата може да искористат политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија или кандидати.

Во член 78 од Изборниот законик уредено е дека изборните плакати е дозволено да се истакнуваат без надоместок на места што ги утврдува општината, односно Градот Скопје. Општината и Градот Скопје имаат обврска да ги обележат местата од ставот (1) на овој член, за секој подносител на листи одделно. Општината и Градот Скопје можат да утврдат и дополнителни места за истакнување на изборни плакати со надометок. Дел од средствата од ставот (3) на овој член општината и Градот Скопје, непосредно по завршувањето на изборите, се должни да ги искористат за отстранување на сметот направен за време на изборната кампања. Општината и Градот Скопје се должни да ги објават условите за добивање право за користење на местата за истакнување изборни плакати, најдоцна 50 дена пред одржувањето на изборите. Општината и Градот Скопје се должни да обезбедат еднакви услови за сите учесници во изборна кампања при истакнувањето на плакати на утврдените места. Изборни плакати можат да се истакнуваат и на станбени или други приватни објекти, со претходна согласност од сопственикот на објектот. Не е дозволено истакнување на плакати од кампањата на објектите каде што се наоѓа гласачкото место или просторијата каде што се спроведува гласањето.

Во член 78-а од Изборниот законик уредено е дека дозволено е политичко рекламирање на рекламните паноа и билборди. Максималниот број на рекламни паноа и билборди од ставот (1) на овој член кои може да се користат за политичко рекламирање изнесува 50% од вкупниот број на територијата на определена општина, Градот Скопје, односно на територијата на кое определено правно лице стопанисува со истите. Општините во Република Македонија, Градот Скопје и правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди се должни во рок од 5 дена од денот на распишување на изборите јавно да ги објават локациите и цените за закуп на рекламните паноа и билборди. Цената не смее да се менува за време на изборниот процес и истата не смее да биде поголема од просечната цена за закуп пресметана во последните пет изминати изборни циклуси. Политичките партии имаат право на закуп за политичко рекламирање на рекламните паноа и билборди на транспарентен и недискриминаторски начин, согласно со следните критериуми:
- 40% од вкупниот број се достапни на двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови;
- 40% од вкупниот број се достапни на двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови;
- 10% од вкупниот број се достапни на парламентарните партии кои немаат пратенички групи во Собранието на Република Македонија и
- 10% од вкупниот број се достапни на вонпарламентарните партии и независни кандидати во Република Македонија.

Општините во Република Македонија, Градот Скопје и правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди се должни локациите кои се нудат за политичко рекламирање да ги распоредат согласно со критериумите од ставот (4) на овој член по пат на ждрепка. Ждрепката од ставот (5) на овој член ја спроведува Државната изборна

комисија. Доколку некоја политичка партија, коалиција или независен кандидат не го искористи вкупниот процент за закуп на рекламни паноа и билборди или извлечените локации, останатите политички партии и независни кандидати имаат право на закуп на истите. Правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди се должни да поднесат извештај за доделените локации за секој учесник во изборната кампања, средствата кои се побаруваат од секој учесник, како и средствата кои се наплатени. Извештајот од став (8) на овој член се поднесува најдоцна 15 дена по денот на завршување на изборната кампања. Извештајот од ставот (8) на овој член се поднесува до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и до Државната комисија за спречување на корупцијата, кои се должни да го објават на своите интернет страници. Извештајот од ставот (8) на овој член се поднесува на образец пропишан од министерот за финансии.

***

Со предложената иницијатива предлагачот ги оспорува горе изнесените одредби заради нивна спротивност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, односно според предлагачот тие се во директна спротивност на член 8 став 1, алинеја 5, член 9, член 16 став 1-5 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

Предлагачот истакнува дека со оспорените законски одредби се врши дискриминација на вонпарламентарните партии, помалите политички партии, како и на независните кандидати, за сметка на 4 (четири) политички партии со што директно се загрозува политичкиот плурализам.

Во предметната иницијатива, предлагачот наведува дека со оспорените одредби се нарушува еднаквиот пристап до политичката реклама со што се создава услови да се влијае на слободата на изборот на страна на гласачот.

***

Во однос на платеното политичко рекламирање измените во Законот се извршени земајќи ги предвид препораките на ОБСЕ со што се обезбедува разумна времена рамка за платено политичко рекламирање за учесниците во изборниот процес согласно постигнатиот успех и обезбедување на рамноправност помеѓу истите. Финансиските средства за платено политичко рекламирање се распоредуваат согласно процентот на освоени гласови на учесниците во изборниот процес, запазувајќи го принципот на рамноправност.

Земајќи ги предвид одредбите од погоре цитираните закони, произлегува дека просторот што политичките партии го добиваат во медиумите, средствата за финансирање на политичките партии, се распоредува според бројот на избирачки гласови што истите ќе ги добијат со нивното учество во изборниот процес.

Важно е да се нагласи дека донесување на измени и дополнувањата на Изборниот законик се носи со консензус помеѓу сите политички партии во Република Северна Македонија. Во таа насока, одредбите внесени во овој законик се предмет на договор помеѓу политичките партии првенствено во насока на обезбедување на фер изборен циклус со рамноправност на сите страни вклучени во истиот и исполнување на препораките кои се дел од релевантни меѓународни документи, како и препораките за Република Северна Македонија дадени од меѓународни институции како Европска комисија, Совет на Европа и ОБСЕ/ОДИХР во однос на спроведување на изборни процеси.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 75-ѓ , член 76-д, член 78 и член 78-а од  Изборниот законик, односно да донесе Решение за неповедувавање на постапка за оценување на уставноста на член 75-ѓ, член 76-д, член 78 и член 78-а од  Изборниот законик.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Американскиот универзитет на Европа-ФОН, доставен под бр. 07-1730/3 од 20.12.2021 година и даде позитивно Мислење по истата.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Христина Стаменкова  од Свети Николе за продажба на недвижен имот-земјиште идеален дел од КП бр.1977, КО Мечкуевци, евидентиран во Имотен лист бр.274, викано место/улица Смрково и по истото го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Христина Стаменкова од Свети Николе, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.300, за КО Мечкуевци, на КП бр.1414, викано место/улица Минтеви ливади и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и негативното мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.145536, за КО Охрид, на КП бр. 15767/1, викано место/улица Град и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4824 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.2567, викано место/улица Спиро Црне, со дополнување и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 54**

1. Владата го избра Кристијан Михајлоски за член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје.

2. Владата ја именува Славица Кутиров за директор на Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии, досегашен вршител на должност директор на Царинската управа и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата на Ацо Костов разрешен од должноста директор на Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура, му утврди право на плата по престанок на функцијата во траење од 12 месеци, сметано од 1 февруари 2022 година до 1 февруари 2023 година.

4. Владата го разреши Драган Јовановски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност-Кавадарци, поради постоење на состојба на судир на интереси.

4.1. Владата го именува Игнат Грозданов за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност-Кавадарци.

5. Владата го именува Фатмир Арифи за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, орган во состав на Министерството за транспорт и врски, досегашен вршител на должноста директор на Инспекторатот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата го разреши Арафат Муареми од должноста директор на Управата за финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии, поради истек на мандатот за кој е именуван.

6.1. Владата го именува Арафат Муареми за вршител на должноста директор на Управата за финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии, досегашен директор на Управата, истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата и зголемување на плата утврдена за извршување на функцијата.

7. Владата ја разреши Вангелија Велева од должноста директор на Педагошката служба, орган во состав на Министерството за образование и наука, поради истек на мандатот за кој е именувана, заклучно со 20 февруари 2022 година.

8. Владата го разреши Даријан Сотировски од должноста директор на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, поради истек на мандатот за кој е именуван.

8.1. Владата го именува Даријан Сотировски за вршител на должноста директор на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, досегашен директор на Комисијата и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата го разреши Стојан Славески од должноста директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, поради истекот на мандатот за кој е именуван.

9.1. Владата го именува Стојан Славески за вршител на должноста директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, досегашен директор на Дирекцијата и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

10. Владата го разреши Апостол Симовски од должноста директор на Државниот завод за статистика, поради истек на мандатот за кој е именуван.

10.1. Владата го именува Апостол Симовски за вршител на должноста директор на Државниот завод за статистика, досегашен директор на Заводот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

11. Владата го разреши Драган Крајовски од должноста директор на КПУ Затвор Битола, поради истек на мандатот за кој е именуван.

11.1. Владата го именува Драган Крајовски за вршител на должноста директор на КПУ Затвор Битола, досегашен директор на Затворот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

12. Владата го разреши Слободан Џониќ од должноста директор на КПУ Затвор Гевгелија, поради истек на мандатот за кој е именуван.

12.1. Владата го именува Слободан Џониќ за вршител на должноста директор на КПУ Затвор Гевгелија, досегашен директор на Затворот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

13. Владата го разреши Борче Цветков од должноста директор на КПУ Затвор Струмица, поради истек на мандатот за кој е именуван.

13.1. Владата го именува Борче Цветков за вршител на должноста директор на КПУ Затвор Струмица, досегашен директор на Затворот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

14. Владата ја разреши Сузана Костовска од должноста заменик на директорот на КПУ Затвор Тетово, поради истек на мандатот за кој е именувана.

14.1. Владата ја именува Сузана Костовска за вршител на должноста заменик на директорот на КПУ Затвор Тетово, досегашен заменик на директорот на КПУ Затвор Тетово и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

15. Владата го разреши Руфат Хусеини од должноста директор на Државниот инспекторат за транспорт, орган во состав на Министерството за транспорт и врски, поради истек на мандатот за кој е именуван.

15.1. Владата го именува Руфат Хусеини за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за транспорт, орган во состав на Министерството за транспорт и врски, досегашен директор на Инспекторатот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

16. Владата го разреши Агим Муртезани од должноста вршител на должноста директор на Управата за хидрометеоролошки работи, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
17. Владата го именува Ивица Тодоровски за вршител на должноста директор на Управата за хидрометеоролошки работи, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

18. Владата ја разреши Мерита Демири од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“-Кичево.

18.1. Владата ја именува Влора Алиу за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“-Кичево.

19. Владата ја разреши Славица Давиткова од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност-Кочани.

19.1. Владата за членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност-Кочани, ги именува:

- Олгица Захариева и
- Ајсун Арифи.

20. Владата го разреши Томче Ѓуровски од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје, поради истек на мандатот.

20.1. Владата го именува Василко Анѓелевски за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје.

***

Предлогот за именување на Василко Анѓелевски, даден на Единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 февруари 2022 година не е реализиран и истиот се надминува со донесување на ова решение.

21. Претседателот на Владата ги информира членовите на Владата дека за член на Владата одговорен за следење на спроведување на Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, да промовира однесување согласно како и да го следи придржувањето до него од страна на носителите на извршните функции ја назначува м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и министер без ресор.

21. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

22. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Државниот инспекторат за транспорт.

## Точка 55

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 3 февруари 2022 година до 9 февруари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за

управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата по задолжението од заклучокот од Тринаесеттата седница на Владата, одржана на 10 февруари 2022 година, а во врска со Дописот од Собранието на Република Северна Македонија за потврдување на предлози на закони, материјали и мислења кои се во собраниска постапка, доставени од претходниот состав ПОВТОРНО заклучи:

- се задолжуваат сите министерства до УТРЕ (16 февруари 2022 година, среда), до 12 часот да го известат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија дали и за кои материјали остануваат на веќе доставените предлози на закони, акти и други материјали од претходната Влада до Собранието на Република Северна Македонија, како и за предлози за претставници и повереници по истите.

Известувањата да се достават и на следната електронска пошта: Agim.Mahmuti@gs.gov.mk.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест ковид-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 5 февруари 2022 година до 11 февруари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија за период од 7 февруари 2022 година до 13 февруари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија, за период од 1 февруари 2022 година до 7 февруари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата го разгледа Предлог-решението за изменување на Решението за формирање Совет за координација на безбедносно-разузнавачката заедница и го донесе Решението за изменување на Решението за формирање Совет за координација на безбедносно-разузнавачката заедница, со заклучок во текстот на Решението да изостане делот за промената во алинеја 7.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за работењето на Компензационите фондови од странска помош со прилог извештаи за 2020 година усвоени од Комисијата за менаџмент со Компензационите фондови, на седницата, одржана на 29 декември 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите Меѓународен аеродром Скопје и „Св. Апостол Павле"-Охрид, заклучно со декември 2021 година на ТАВ Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за вкупниот одземен (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кој управува Агенцијата за управување со одземен имот за период од 1 јули 2021 година до 31 декември 2021 година, со прилози како материјал за информирање.

**Точка 59**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈП за водостопанство Лисиче-Велес (октомври-декември 2021 година), како материјал за информирање.

Исто така, Владата заклучи ЈП за водостопанство Лисиче-Велес да ги има предвид мислењата на Министерството за финансии и Министерството за животна средина и просторно планирање, со препорака да се преземат мерки и активности за надминување (покривање) на загубата, подмирување на обврските и наплата на побарувањата кои се настанати во изминатиот период.

**Точка 60**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈП за водоснабдување Студенчица-Кичево, за четврт квартал на 2021 година (1 октомври 2021 година до 31 декември 2021 година), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид Мислењето на Министерството за финансии со укажување надлежните органи на претпријатието да преземаат мерки за намалување на ненаплатените побарувања, со оглед на значителниот износ на истите.

**Точка 61**

Владата го разгледа Извештајот за работата на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип за период од 1 октомври 2021 година до 31 декември 2021 година, како материјал за информирање.

Истовремено, потребно е предлагачот да ги има предвид негативните мислења на Министерството за финансии и Министерството за животна средина и просторно планирање, со оглед на негативниот финансиски резултат од работењето.

**Точка 62**

Владата ги разгледа Програмата за работата на Државниот испитен центар за 2022 година и Финансискиот план за реализација на активностите во Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во период од 1 октомври до 31 декември 2021 година, како материјал за информирање

**Точка 64**

Владата го разгледа Извештајот за работата и материјално-финансиското работење на НЕР АД Скопје за период од 1 јули 2021 година до 30 септември 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр.277 Воденешница и бр.123 Крива Река и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести концесионерот ХЕЦ 277 ДООЕЛ дека за локацијата бр.277 Воденешница согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија му се продолжува дополнителниот рок до 2.7.2022 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.

2. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот ХЕЦ 277 ДООЕЛ да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.477 р.Пена ќе се продолжи најмалку до 2.8.2022 година.

3. Владата на Република Северна Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.123 Крива Река на концесионерот ПЦЦ НЕВ Хидро ДООЕЛ до 23.8.2022 година.

4. Се задолжува Министерството за економија, во име на концедентот, писмено да го извести концесионерот ПЦЦ НЕВ Хидро ДООЕЛ дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 3 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.123 Крива Река.

5. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот ПЦЦ НЕВ Хидро ДООЕЛ да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.123 Крива Река ќе се продолжи најмалку до 23.9.2022 година.

6. Се задолжува Министерството за економија да достави барање до Општина Струмица во врска со статусот на поднесените барања на концесионерот ХЕЦ 277 ДОО Скопје во врска со долготраен закуп на земјиште и барање за засновање на право на стварна службеност.

**Точка 66**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030, со Предлог-стратегија и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030.

2. Ја усвои Стратегијата за инклузија на Ромите 2022 -2030.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата за финансиски надомест за порамнувања на отстапувања помеѓу номинираните и реализираните количини на електрична енергија кон АД МЕПСО за 2021 година, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдување со електрична енергија, во предложениот текст.

2. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје да ги преземе потребните активности за докапитализација на финансиските средства одобрени со Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдување со електрична енергија.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување, реализација и финансиски импликации во однос на договорите кои произлегуваат од меморандумите за разбирање за „Терминал на течен природен гас Александруполи, обезбедување на капацитет за природен гас и Гасната централа Александруполи“ склучени помеѓу АД за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, Гастрејд С.А и Дамко енерџи С.А., во рамки на процесот на реализација на проектите, со прилозите кон неа и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Мухамед Зеќири, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија да ги склучи/потпише потребните договори со консултантската куќа Прајс Вотер Хаус Куперс за нејзин ангажман како правен консултант за подготовка на анализа за учество во Проектот за изградба на терминалот за течен природен гас Александрополис и за евентуално учество во Проектот за изградба на комбинирана когенеративна гасна електрана за производство на електрична енергија.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на АД за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, (УО бр.02-903/273/3 од 14.2.2022 година, одобрена со одлука на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост НО бр.02-931/72/1 од 15.2.2022 година) во предложениот текст.

3. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да пристапи кон потпишување на Обврзувачка понуда за алокација на капацитет во ЛНГ Терминалот Александропулис која е потребно да се достави до Гастрејд С.А од страна на АД ЕСМ, Скопје и да пристапи кон потпишување на Договорите за реализација на Меморандумот за разбирање склучен помеѓу АД ЕСМ,Скопје и Гастрејд С.А. бр.08-1317/1 од 31.3.2021 година и тоа:

• Договор за авансна резервација на капацитет на Александрополис ИНГС (Терминалот за претовар на ЛНГ), Грција, помеѓу Гастрејд С.А. и АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје- корисник на кој му е доделен капацитет/Advance Reservation Capacity Agreement between Gastrade S.A. AND JSC Power Plants of North Macedonia (Allocated User)-Agreement in respect of the advance reservation of capacity at the Alexandroupolis INGS (Alexandroupolis LNG Terminal) Greece;

• Дополнителен договор помеѓу Гастрејд С.А. и АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје/SUPPLEMENT AGREEMENT between GASTRADE S.A. and JSC ESM (JSC Power Plants of North Macedonia).

**Точка 69**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Барањето за продолжување на рок на доспевање на фактури за испорачана електрична енергија за декември 2021 година бр.08-136/1 од 24.1.2022 година од ЕВН Македонија АД Скопје и Барањето за продолжување на рок на доспевање на фактури за јануари 2022 година бр.08-226/1 од 4.2.2022 година од ЕВН Македонија АД Скопје, со прилозите кон неа и го усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје (УО бр.02-903/273/1 од 14.2.2022 година, одобрена со Одлука НО бр.02-476/71/9 од 14.2.2022 година, во врска со донесувањето на Одлуката за прифаќање на барања доставени од ЕВН Македонија АД Скопје за продолжување на рок на доспевање на фактури за испорачана електрична енергија за декември 2021 година и за јануари 2022 година) во предложениот текст.

2. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да склучи Анекс на договорите со кои ќе се измени валутата на плаќање на фактурите за испорачана електрична енергија за декември 2021 година и за јануари 2022 година до 1.6.2022 година и ќе утврди обврска за обезбедување на плаќањата со соодветна гаранција, во висина на износот на фактурите за кои се продолжува рокот на плаќање, со рок 20 дена по датумот на новата валута.

3. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, да достави барања за позајмица до акционерски друштва во државна сопственост кои имаат можност за давање на позајмица со рок на враќање од шест месеци, и тоа на Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, Државна лотарија на Република Северна Македонија АД, Скопје, Аеродроми на Република Северна Македонија АД за аеродромски услуги-Скопје, АД Медиумска информативна агенција МИА и ГАМА АД Скопје.

4. Се укажува на Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, Државна лотарија на Република Северна Македонија АД, Скопје, Аеродроми на Република Северна Македонија АД за аеродромски услуги-Скопје, АД Медиумска информативна агенција МИА и ГАМА АД Скопје, да ги преземат сите потребни активности на нивните органи на управување по однос на донесување на одлука за можноста за давање на позајмица на Акционерско друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост,

Скопје и аналогно на тоа до Владата да доставaт предлог-одлуки за одобрување на нивното работење.

**Точка 70**

Владата го разгледа Барањето на Вероника Рјабоволова, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

*

*           *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:40 часот.

**ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Tahir Hani**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**